ВО ПОСЕТА НА САД | ГЕРМАНСКИ ТЕНК „LEOPARD 2A5“ | ТРАНЗИЦИСКА ПРАВДА: ПАРАГВАЈ | „АТОМ“ – ТЕШКО БОРБЕНО ВОЗИЛО НА ПЕШАДИЈАТА

# ШТИТ


Број 165
јули 2023

ISSN 1857-6710


МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Вежбата „Брз одговор 23“ во целост ја постигна својата цел





# Свечено одбележан Ден ВИНГ на

Припадниците на воздухопловниот ВИНГ свечено го одбележаа 10 Јуни – Денот на единицата. Воената свеченост се одржа во касарната „Страшо Пинџур“ во „Петровец“ во присуство на заменик-министерот за одбрана, Тирон Јајага, заменикот на началникот на ГШ на Армијата, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во МО, Владимир Анчев, началникот на штабот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, армиски генерали, претставници од Министерството за одбрана и Генералштабот, команданти на команди и единици на Армијата и други високи гости. По тој повод пред присутните се обратија началникот на штабот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски и командантот на вВИНГ, полковник Игорчо Стоименовски. Генералот Мирче Ѓоргоски, честитајќи им го Денот на единицата, истакна дека припадниците на воздухопловниот ВИНГ секогаш се препознаени како врвни професионалци, максимално обучени и подготвени, не само за извршување на борбени задачи, туку и за брза реакција при гаснење на пожар и други хуманитарни мисии во сложени временски услови, при што нагласи никогаш да не бидат заборавени единаесетте воздухопловци и припадници на ВИНГ-от, кои при вршење на задача ги загубија животите. Генералот Ѓоргоски, во своето обраќање додаде дека денес како полноправна членка на Алијансата, водени од императивите за



# нот на воздухопловниот Армијата

интероперабилност и оперативна способност, во рамки на долгорочниот план за развој на одбраната предвидени се значителни финансиски средства за модернизација и опремување на воздухопловниот ВИНГ со најсофистицирани борбени системи и опрема, со што без сомнеж ќе се зголеми и неговата борбена готовност.

Командантот на вВИНГ, полковник Игорчо Стоименовски, по историскиот осврт за почетоците и развојот на Военото воздухопловство, изрази благодарност до сегашните и пензионираните припадници, кои изминатиот период несебично и посветено го вложија својот труд за развојот на единицата. За време на својот говор полковникот Стоименовски ја истакна важноста на предизвиците и процесите за осовременување и модернизација на единицата како приоритет од витално значење, со цел успешно да одговори на својата мисија и задачи.

Во рамки на свеченоста беа доделени стимулативни мерки на припадници од единицата, по што присутните имаа можност да проследат прелет на воздухоплови „Ф-16“, како дел од воздухопловното патролирање на НАТО, како и прелет на дел од воздухопловите со кои располага воздухопловниот ВИНГ.

Воздухопловниот ВИНГ го прославува 10 Јуни, како датум кога во 1992 година се случил првиот лет на воен екипаж од штотуку формираното македонско воено воздухопловство.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Билјана Блажеска, полковник
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“



„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





15
**Значењето на безбедносната култура**

24
**Трите оружја кои го сменија текот на војната во Украина**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 165 | јули 2023

НАТО активности
**Мултинационална соработка во НАТО (3)**
**Следна генерација хеликоптери на НАТО** ..................... 10

Мисии
**Под знамето на ОН**
**Превентивно распоредување мировни сили на ОН**.......................... 12

Низ воената историја
**Советско-авганистанска војна 1979 – 1989:**
**Причини и последици (2 )**................. 21

Иновации
**Соработка во тестирањето на вештачката интелигенција** ............ 26

ИНФО
**Армискиот полигон „Криволак“ – наш и НАТО ресурс за изведување обука, тренинг, национални и мултинационали вежби**....................................................... 27

Вооружување
**Беспилотно летало „Boeinga Insitu RQ-21 Blackjack“** ............................................. 36

**Ракетен лансирен систем M142 „HIMARS“**........................................ 41

**Како ќе изгледа автоматската пушка во иднина**........................................................ 42

Незадолжително
**Како да работите со манипулативна личност**............................................... 50

Уметниците и војната
**Хозе Клементе Орозко**
**Сведок на крвавата револуција** ........................................ 54

Филм
**„Империја на сонцето “**
**Војната и загубата на детската невиност** .......................... 56





38
**„Kawanishi H8K“**

48
**„Парк на воената историја“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *За Воената академија*

*Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ е единствена високообразовна и научноистражувачка институција во Република Северна Македонија на која се школуваат кадри за потребите на Армијата. На Академијата се реализира научноистражувачка дејност за потребите на одбраната во согласност со закон, заштита и спасување и се реализира научноистражувачка дејност за потребите на одбраната во согласност со закон за Министерството за одбрана и институциите на системот за управување со кризи. Воената академија е формирана со посебен Закон за Воена академија, кој е донесен од страна на Собранието на 7 јуни 1995 година. Оваа година, на 14 јуни се одбележаа 28 години од основањето на Воената академија во далечната 1995 година. Денес, Воената академија е институција која е акредитирана од страна на Министерството за образование и наука во согласност со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) како самостојна високообразовна и научноистражувачка институција која реализира универзитетски студии од прв (додипломски), втор (магистратура и специјализација) и трет циклус (докторски студии). Универзитетската диплома на студентите што ќе го завршуваат школувањето на ВА е верифицирана во земјата, што ќе им овозможи на питомците и студентите да имаат признаено занимање и можност за понатамошна едукација во образовниот систем на Република Северна Македонија и странски држави членки на Болоњскиот процес. Денес, Воената академија е членка на Конзорциумот на воените академии и институти за одбрана, каде е активна во работните групи за моделирање и симулации, информатички технологии итн. Денес, Воената академија активно соработува во научните програми на НАТО и има добро развиена соработка со земјите во ПзМ на полето на јазичката обука во својство на организатор на собири, учество на семинари со сопствени презентации, учество на наставници во својство на предавачи, развој на програми за јазичка обука итн. Денес, Воената академија дава можност за школување на питомците од ВА во странство, заедничка обука на питомци во странство и во нашата држава, посета на слушатели на КШШ на странски КШШ, како и учество на питомците на работни, спортски и други средби во странство. На Воената академија со години наназад се произведуваат професионални воени кадри и за потребите на вооружените сили на неколку земји од Регионот ( Црна Гора, Босна и Херцеговина и Косово). Со еден збор, денес Воената академија на Република Северна Македонија е водечка институција во военото образование, во Регионот и пошироко. На 14 јуни оваа година, по повод Денот на Воената академија, во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје, свечено беа одбележани 28 години од основањето на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“. На свеченоста се обратија заменик-министерот за одбрана Тирон Јајага и деканот на Воената академија, полковник проф. д-р Митко Богдановски, во присуство на ЗНГШ, генерал-мајор Азим Нуредин, државниот секретар во МО, Владимир Анчев и останати високи гости од МО и Армијата, претставници на военодипломатскиот кор во земјата, професори и питомци од Академијата. Во обраќањата беа потенцирани досегашните достигнувања и активностите во рамките на Воената академија, а заменикот-министер за одбрана, Тирон Јајага, на крајот од своето обраќање ја истакна и заложбата на Министерството за одбрана за понатамошно развивање на Воената академија и поддршката за иницијативите за нејзина модернизација и стремежот кон извонредност.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите
на надворешните соработници не ја
презентираат официјалната политика
или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk





# Во посета на САД

# Потврдено долгогодишното сојузништво и високото ниво на соработка

Министерката за одбрана Славјанка Петровска и НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, беа во неколкудневна работна посета на САД, при што остварија бројни средби со високи претставници на американската администрација, ја посетија Националната гарда на Вермонт и други активности во рамки на посетата,со што се потврди сојузништвото и високото ниво на соработка во областа на одбраната со САД

Министерката за одбрана Славјанка Петровска во рамки на посетата на САД, во Пентагон оствари работна средба со секретарот за одбрана на САД, Лојд Остин. Во разговорите беше потврдено долгогодишното сојузништво и соработка во сферата на одбраната и се поставија темелите за развој на одбранбената соработка помеѓу сојузниците за следните десет години. Новиот патоказ кој беше потпишан во Пентагон, ги дефинира областите во македонско-американската одбранбена соработка кои ќе бидат приоритетни следната декада и преку кои ќе се развива одбраната и Армијата. „Северна Македонија, денеска е земја членка на НАТО и ние заедно со САД стоиме рамо до рамо во справувањето со заедничките безбедносни предизвици. Минатата година САД ни дадоа огромна поддршка која не беше само финансиска. Разменувавме знаење и искуство, вежбавме и се обучувавме заедно и ние сме горди што заедно придонесуваме кон безбедноста на НАТО и на регионот“, рече министерката Петровска на состанокот. „Северна Македонија е долгогодишен и одличен пријател на САД со кого споделуваме исти интереси и вредности“, порача американскиот секретар за одбрана Остин. Во однос на руската агресија врз Украина, министерката Петровска истакна дека Северна Македонија од самиот почеток ја осуди оваа неиспровоцирана и неоправдана инвазија и додаде дека нашата поддршка за Украина не е само политичка, туку е и во донации на воена опрема. Претходно, во текот на посетата на САД, министерката Петровска ја посети Агенцијата за безбедносно-одбранбена соработка на САД, и оствари средба со нејзиниот директор, Џејмс Хрш. Таа ги посети и Државниот универзитет на Северна Каролина и Институтот за безбедносни студии „Triangle“. При посетата на Државниот универзитет на Северна Каролина, таа се сретна со проректорката, проф. д-р Хајди Хобс, директорката за глобални партнерства Сара Олсон и директорот





на мастер програмата за меѓународни студии, проф. д-р Марк Нанс. По средбата, министерката Петровска се обрати пред студентите, професорите, членовите на алумни-асоцијацијата на Универзитетот и експертската јавност, при што изрази уверување дека оваа посета го трасира патот за долготрајна плодна соработка. За време на посетата на Институтот за безбедносни студии „Triangle“, беше потпишан Меморандум за разбирање помеѓу двете институции. Потоа министерката Петровска замина за Берлингтон, Вермонт, каде заедно со НГШ, генералот Ѓурчиновски, присуствуваа на одбележувањето на 30-годишнината од воспоставувањето на партнерството помеѓу Армијата на Република Северна Македонија и Националната гарда на Вермонт. Тридецениското партнерство со Националната гарда на Вермонт има суштински придонес во развојот на капацитетите на Армијата на Република Северна Македонија. Преку можноста за воено образование и обука во капацитетите на Националната гарда на Вермонт, нашите припадници се стекнаа со практични вештини директно од Вооружените сили на САД. Околу 5000 припадници на македонската Армија поминале низ процес на обука и тренинзи на Националната гарда на Вермонт, значајно подигнувајќи го нивото на обученост и достигнувајќи ги НАТО стандардите. Министерката им се заблагодари на генералот Најт и на генералот Ѓурчиновски и нивните претходници за нивната посветеност во развојот на ова партнерство, а признание им оддаде и на сите припадници на Армијата и на Националната гарда за нивната професионалност и посветеност кои го обликуваа меѓусебното партнерство. „Чекорејќи во оваа нова фаза на нашето партнерство, ние мораме да бидеме и храбри и амбициозни во нашите цели. Постигнувањата од изминатите 30 години се пример за нашата отпорност и колективните капацитети. Сега е време да бидеме уште поодлучни и да ги поместиме границите на она што можеме да го достигнеме заедно“, порача Петровска. Генералот Ѓурчиновски на свеченоста по повод јубилејот порача дека изминатите 3 децении беа одбележани од одлична соработка, меѓусебно разбирање и размена на идеи и искуства. Гувернерот на Вермонт, Скот, истакна дека „низ годините, нашите армии соработуваа многу – со вежби во Северна Македонија и САД, со хуманитарна работа и со заедничкото учество во Авганистан во 2010, кога членовите на нашата Национална гарда стоеја рамо до рамо со Северна Македонија“. За време на посетата на Вермонт, Петровска оствари средба и со гувернерот на Вермонт, Фил Скот и со командантот на НГ, генералот Грегори Најт. За време на посетата на Вермонт, министерката Петровска и НГШ, генерал-потполковник Ѓурчиновски, го посетија полигонот за обука на НГ на Вермонт, „Итан Ален“, каде имаа можност да ја проследат заедничката вежба на македонските војници од Четата за атомска, биолошка и хемиска одбрана и Националната гарда на Вермонт, наречена „Northern Fallout“, која претставува уште еден доказ за силното партнерство и соработка помеѓу вооружените сили на двете земји. По посетата на воениот полигон, Петровска и Ѓурчиновски ја посетија и Воздухопловната база на НГ на Вермонт, каде беа пречекани од командатот на Вингот, полковник Даниел Финеган. Петровска го посети и Оперативниот центар за итни случаи на Вермонт, каде оствари средба со директорката на центарот, Ерика Борнеман. Министерката за одбрана Славјанка Петровска и делегацијата при престојот во сојузната држава Вермонт, го посетија и Универзитетот „Норвич“, кој е и најстариот приватен воен колеџ во САД. При посетата на „Норвич“, министерката Петровска се сретна со претседателот на Универзитетот, генерал-мајор Марк Анарумо, со кого разговараше за можностите за продолжување на успешната соработка помеѓу Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ и овој универзитет. Петровска и Анарумо изразија интерес за продолжување на воспоставената практика на размена на питомци, за што во иднина треба да се потпише и нов технички договор. Во периодот од 2015 до 2020 година, 10 питомци од нашата воена академија минаа по еден семестар во рамките на Универзитетот „Норвич“, додека питомци од овој Универзитет беа дел од Летниот кампус организиран од ВА на „Криволак“. Министерката за одбрана Славјанка Петровска, во рамки на посетата на САД, во Вашингтон имаше и интервју за „Гласот на Америка“, каде говореше на повеќе теми, како и за местото и за улогата на Северна Македонија во однос на безбедноста на регионот и колективната безбедност во НАТО, регионалната стабилност во контекст на состојбите на Косово, позицијата кон руската инвазија на Украина и донациите за украинската армија, како и процесот на модернизација на Армијата и родовата еднаквост во одбраната.




# Работна посета на Брисел

**Министерката за одбрана Славјанка Петровска во Седиштето на НАТО во Брисел, учествуваше на Состанокот на Северноатлантскиот совет на НАТО на ниво на министри за одбрана, како и на други состаноци кои се организираа на маргините на министерската средба**

Оваа година во фокусот на Министерскиот состанок во Брисел беа подготовките за претстојниот Самит на НАТО во Вилнус, Литванија, кој ќе се одржи во јули 2023 година, како и чекорите за зацврстување на концептот на Алијансата за одбрана и одвраќање, а стана збор и за потребата за одржување на вложувањето во одбраната со минимум 2% од бруто-домашниот производ. Министерката Петровска, во изјава се осврна на средбите и разговорите со министрите за одбрана на земјите членки на НАТО во рамки на состанокот на Северноатлантскиот совет. Во однос на финансиските импликации врз буџетот во делот на одбраната, таа изјави дека на тоа не треба да се гледа како на трошење, туку напротив како на инвестиција во одбраната. Министерката истакна дека дискусијата околу поставувањето на критериумот за вложување на минимум 2% од БДП за одбрана ќе продолжи и до Самитот на НАТО во Вилнус. Северна Македонија оваа година одвојува 1,85% од БДП за одбрана, а нивото од 2% од БДП ќе го достигне веќе следната година. Во Брисел Петровска учествуваше и на состанокот на Контакт-групата за Украина предводена од САД, на Комисијата НАТО – Украина, на кој учествуваа министрите за одбрана на Шведска и на Украина, како и високиот претставник на ЕУ, Жозеп Борел. Министерката Петровска во рамките на





посетата на Брисел, учествуваше и на состанок посветен на мултинационалните сили на НАТО во Латвија под раководство на Канада, каде македонски војници се дел од словенечкиот контингент. Во рамки на состанокот на Северноатлантскиот совет на ниво на министри за одбрана, во седиштето на НАТО, министерката за одбрана Славјанка Петровска имаше и две одделни билатерални средби со федералниот министер за одбрана на Сојузна Република Германија, Борис Писториус и со министерката за национална одбрана на Канада, Анита Ананд. На средбата со германскиот колега, Петровска изрази задоволство од силниот интензитет на одбранбена соработка и нагласи дека таквата соработка е особена значајна во моментот кога европскиот континент се соочува со голем број на предизвици. На политичко ниво, Петровска истакна дека државен приоритет број еден е евроинтеграцијата на државата и се заблагодари за континуираната германска поддршка за членство на Северна Македонија во ЕУ.

На средбата со канадската министерка за одбрана стана збор за заедничкиот придонес на Северна Македонија и на Канада кон зацврстувањето на безбедноста на Алијансата, имајќи предвид дека припадници на Армијата се дел од мултинационалните сили на НАТО во Латвија, кои се под канадска команда. Министерките заклучија дека двете земји остануваат посветени на интензивирањето и развојот на одбранбената соработка во духот на сојузништвото.

Во делегацијата на Северна Македонија во НАТО, министерката за одбрана Славјанка Петровска имаше работен ручек со своите колеги – министрите за одбрана на земјите членки на САД – Јадранската повелба од регионот, како и со Селесте Валандер, помошник-секретар за одбрана на САД за меѓународни безбедносни прашања, како претставник на САД.

Средбата ја отвори министерката Петровска, која порача дека Северна Македонија, како НАТО сојузник и претседавач со А5 во 2023 година иницираше заеднички проект кој предвидува заедничка поддршка на НАТО мисијата во Ирак, со организирање на обука која ќе се фокусира на Програмата за развој на одбранбената едукација, односно DEEP-програмата за Ирачката воена академија. „Минатите неколку месеци бевме фокусирани на ревитализацијата на оваа регионална иницијатива. Со поддршката за DEEP-програмата во НАТО мисијата во Ирак која има цел да го развие воеhistо образование и да промовира соработка помеѓу партнерите, ние на ефикасен начин промовираме размена на знаења, искуства и научени лекции“, рече министерката.

Заедничкото учество во овој проект, потенцираше Петровска, ќе ја засили регионалната безбедносна соработка и ќе ја демонстрира нашата заедничка посветеност кон зацврстувањето на партнерствата и развојот на колективната безбедносна архитектура.

На работниот ручек иницијативата на Северна Македонија доби поддршка од сите земји членки на САД – Јадранската повелба. Министрите заклучија дека поддршката за DEEP-програмата во мисијата на НАТО во Ирак со реализација на ваков вид обука изведена од експерти од А-5 земјите е одлична можност за интензивирање на активностите во рамките на оваа иницијатива и поддршка на НАТО за развој на военото образование во Ирак.

Непосредно пред почетокот на состанокот на Северноатлантскиот совет на ниво на министри за одбрана, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, се сретна со група студенти од Северна Македонија кои како првонаградени од конкурсот за есеи престојуваат во студиска посета на седиштето на Алијансата. На средбата, министерката Петровска порача дека младите се двигател на секое општество и повика на нивно активно учество во општествената дискусија и во Северна Македонија и на ниво на Алијансата на теми кои се од исклучително значење денеска – зацврстувањето на безбедноста, гарантирање на сигурноста за секој граѓанин, одржувањето на демократијата и демократските вредности. Петровска изрази задоволство што студентите како автори на најдобрfiles рангираните есеи на Конкурсот кој го организираше МО, на тема „Северна Македонија и НАТО во 2030-та“ покажаа дека размислуваат аналитички, дека се запознаени со новите глобални текови и дека имаат и интерес и желба да бидат лидери кои заедно со младите на светско ниво ќе работат за една попросперитетна иднина.

Студентите од Северна Македонија во рамките на тридневната посета на седиштето на НАТО во Брисел, освен со министерката Петровска, имаа средба и со амбасадорот на нашата држава во НАТО, Дане Талески, со помошничката на генералниот секретар на НАТО за јавна дипломатија, Баиба Браже, како и со неколку програмски директори и политички офицери во Алијансата. Исто така имаа можност во живо да присуствуваат на прес-конференција на генералниот секретар на НАТО, Јенс Столтенберг.





# Мултинационална соработка во НАТО (3)

# Следна генерација хеликоптери на НАТО

Способностите за вертикално подигање се исклучително важни како мултидоменски капацитети за извршување операции и задачи на сојузничките сили. Играат клучна улога во структурата на силите на НАТО со дефинирање на следната генерација на хеликоптери (Next Generation Rotorcraft – NGRC)

Голем процент од хеликоптерите во употреба се базирани на модели воведени во употреба уште во 1960-тите години или малку подоцна. Повеќето од овој тип роторни летала со кои моментално управуваат сојузниците ќе го достигнат крајот на животниот циклус во годините што следат. Ваквата состојба ја демонстрира посветеноста на сојузниците на НАТО за одржување на технолошката предност и за продолжување на мултинационалната соработка со создавање мултинационална рамка.
Со ова учесниците можат да ги комбинираат напорите и да работат на дизајнирање, развој и испорака на среден повеќенаменски хеликоптер.
Следната генерација на хеликоптери како еден од мултинационалните проекти на НАТО е од големо значење. Хеликоптерот што ќе произлезе од проектот NGRC треба да замени широк спектар на платформи кои моментално се користат помеѓу европските земји на НАТО, како што се: Black Hawk, Super Puma/Cougar, EH-101 Merlin и NH90. За таа цел, ќе инкорпорира системи со отворена архитектура и модуларен дизајн, за да се овозможи надградба, модернизација и трајна адаптација. Способностите за вертикално подигнување не вклучуваат само хеликоптери, туку и воздухоплов со тилтротор (како што е Bell Boeing V-22 Osprey, управуван од САД).

**Иницијатива за следната генерација на хеликоптери**

Со цел Алијансата да ја задржи технолошката предност во оваа област, пет сојузници на НАТО – Франција, Германија, Грција, Италија и Обединетото Кралство, потпишаа Писмо за намери во текот на октомври 2020 година. Иницијативата се однесува за развој и купување на следна генерација повеќенаменски средни хеликоптери, подготвени за воведување во полна оперативна употреба во временската рамка 2035-2040 година. Проектот NGRC е заедничка воздушна платформа на нациите, погодна за копнени, воздушни и поморски операции (доколку се покаже како проблематично, може да биде опција со развој на одделни платформи). По потпишувањето на иницијативата, петте сојузници започнаа да работат

на дефинирање на барањата за концептна фаза и мултифазен план за соработка, развивање и спроведување на способноста. Во јуни 2022 година, во соработка со индустријата, министрите за одбрана ја започнаа Концептната фаза на проектот преку потпишување Меморандум за разбирање. Нациите ја избраа Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО (NSPA) за извршување на Концептната фаза. Холандија се приклучи на проектот во јуни 2022 година, со што бројот на сојузници – учесници достигна шест. На маргините на министерскиот состанок на НАТО на 16 јуни 2022 година, министрите за одбрана на 6-те учеснички одобрија 27 милиони евра за да ја дефинираат иднината на хеликоптерската флота во рамките на следната генерација роторни капацитети на НАТО. Следствено на овој настан, на 29 и 30 ноември 2022 година, претставниците од земјите учеснички во проектот на состанокот во Луксембург учествуваа на првиот состанок на Организацијата за поддршка и набавка на НАТО (NSPO) во врска со Партнерство за поддршка за следната генерација на Rotorcraft Capability. Канада, која сè уште не е членка на Партнерството учествуваше на состанокот како набљудувач, во очекување да се приклучи како целосен проектен партнер на Партнерството во март 2023 година. Во текот на оваа година, учесниците во иницијативата официјално ќе започнат да ги дефинираат карактеристиките на следната генерација на хеликоптер од средна класа. „Ова е јасен пример дека НАТО и сојузниците работат заедно за да ја искористат технологијата која брзо се менува во корист на нашите воени способности“, истакна заменик-генералниот секретар на НАТО. „Со инвестирање на нашите ресурси и канализирање на развојот преку мултинационална рамка, се уверуваме дека сојузниците ќе бидат опремени со најдобрата достапна опрема“.

**Оперативни побарувања**

Генерално, НАТО прави разлика помеѓу три различни класи на вертикални операции со платформи општо познати како хеликоптери: лесни, средни и тешки (разликата, пред сè е дефинирана во зависност од носивоста на воздухопловот). Концептната фаза на оваа иницијатива првично ќе се фокусира на способности за средна категоризација, имајќи ја предвид брзината на технолошката еволуција и идните оперативни побарувања на учесниците. Списокот на потребните атрибути од 2021 година вклучува: брзина на крстарење од 407 км/час или повеќе, оперативна употреба од 1650 километри и со можност хеликоптерот да остане во воздух од 5-8 часа со дополнителни резервоари за гориво. Се планира да биде со тежина од 10-17 тони, со капацитет за вертикално подигање на 4 тони и со внатрешна носивост од 2,5 тони. Првичните очекувања на проектот вклучуваат и можност за беспилотно/далечински пилотиран воздухоплов, модуларен пристап кон отворени системи, вклучувајќи дигитален столб и фузија на повеќе сензори со помош на вештачка интелигенција. Од хеликоптерот се бара да поседува капацитет за транспорт на 12-16 целосно опремени војници со просечна тежина од 160 килограми по лице. НАТО смета дека нејзините членки (со исклучок на САД), треба да заменат до 1.000 хеликоптери со средна тежина во наредните децении и ја определи максималната цена на хеликоптерот од 35 милиони евра. Со спроведување на заеднички дизајн на хеликоптер, иницијативата има за цел да ја зголеми интероперабилноста меѓу сојузниците-учеснички. Оперативната употреба на новата платформа вклучува широк спектар на мисии за цивилна и воена употреба, вклучувајќи: тактички операции (како што се инфилтрирање и извлекување на сили за специјални операции, транспорт на мали и средни товари, како и транспорт на војници во и надвор од рамките на оперативните театри), медицинска евакуација, пребарување и спасување и противподморничка војна. Нивната големина ќе им овозможи полетување и слетување на ограничени области, како што се шумските рамнини или планински венци, што ја зголемува и нивната оперативна флексибилност. Преку оваа мултинационална иницијатива, сојузниците ќе имаат корист од напредокот не само во технологијата (вклучувајќи хибридни и електрични опции), туку и во дигиталната инфраструктура на способноста, архитектура на отворен систем, методи на производство и оперативни концепти со цел испорака на радикално подобрени карактеристики на летот. Со ова се обезбедува јасна визија дека хеликоптерите од овој тип ќе бидат подготвени да им служат на сојузничките сили за следните децении и на долгорочен период.

Драган Павловски








# Под знамето на ОН Превентивно распоредување мировни сили на ОН

Превентивното распоредување мировни сили, како конкретна манифестација на превентивната дипломатија на Обединетите нации (ОН), првпат била замислена пред околу шеесетина години од Dag Hammarskjöld, генерален секретар на ОН во периодот од 1953 до 1961 година

Единствен случај на превентивно распоредување на „Сини шлемови“ до денес, било во Република Македонија, од 1995 г. до 1999 г. Мисијата била именувана како UNPREDEP (United Nations Preventive Deployment Force), на која ѝ претходела мисијата на ОН UNPROFOR/M (United Nations Protection Force/Macedonia), во периодот од 1992 до 1995 година Мисијата UNPREDEP била заснована на принципите на превентивно распоредување, за првпат формално наведени во Извештајот на ОН „Агенда за мир“ во 1992 година. Во тој документ, интервенцијата на мировни сили во конфликт, по барање на една или повеќе држави, пред конфликтот да прерасне во конфронтација со последици по човечките животи, се смета за клучен аспект на превентивната дипломатија. Таквата дипломатија на ОН претставува заеднички напор на меѓународната јавност да се избегне меѓудржавна војна или внатрешен конфликт меѓу ентитети кои применуваат насилство. Делот II од „Агендата за мир“ ја дефинира превентивната дипломатија како „... дејствување за да се спречи појавата на спорови меѓу страните, да се спречат постоечките спорови да ескалираат во насилни конфликти и да се ограничи ширењето на насилство, доколку се појави“. Конкретно, делот III т.е..3 од документот бил применет токму на мисијата UNPREDEP: „...во случаи кога една земја изразува загриженост од можна агресија или прелевање на насилство преку државната граница на своја територија, ако Советот за безбедност заклучи дека присуството на ОН на едната страна од границата, единствено со согласност од страна на земјата барател, би послужило за одвраќање на конфликтот, се препорачува превентивно распоредување. Специфичната природа на ситуацијата ќе го одреди мандатот и персоналот потребен за негово исполнување“. Неопходно е да се наведе и тоа, дека било јасно




констатирано дека: суверенитетот на државите треба да се почитува во согласност со Повелбата на ОН. Но, многу е важно што „Агендата за мир“ формално и конкретно наведува дека: интервенцијата на сили на ОН се претпочита пред започнувањето на крвопролевање или избувнување вооружен конфликт.

Мисиите на ОН продолжуват да бидат во функција на зачувување (peacekeeping), градење (peacebuilding) или создавање (peacemaking) мир, но превентивна интервенција би требало да биде применета секогаш и секаде каде е тоа возможно. Авторот на „Агендата за мир“, генералниот секретар на ОН, Boutros Boutros-Ghali (1992 – 1996г.), ги нагласил и целите за таквиот тип на дипломатија: идентификување, во најрана можна фаза, ситуации кои би можеле да предизвикаат конфликт и, преку дипломатија да бидат отстранети причините за кулминирање на конфликтот, пред истите да резултираат со насилство; вклучување во создавањето мир (peacemaking) во конфликти кои штотуку се појавиле, насочено кон решавање на прашањата кои довеле до конфликт; ангажираност на зачувување на мирот (peacekeeping), преку одржување на мирот, колку и да е кревок, таму каде што борбите се прекинати, и помош во спроведувањето на постигнатите мировни договори; помош во градењето на мирот (peacebuilding): обнова на институциите и инфраструктурата на земјите зафатени од граѓанска војна и судири, и градење релации од заемна корист меѓу ентитети кои претходно биле во конфликт; и решавање на најзначајните причини за конфликт: лош економски статус, социјална неправда и политичко угнетување.

Вообичаено секоја мировна операција (без разлика дали е peacekeeping, peacemaking, или peacebuilding) се анализира од различни теоретски и практични пристапи: спречување и менаџирање со конфликти, почитување на човековите права, создавање и развој на државни институции, и многу други. Во согласност со овие параметри, мисиите во Руанда (UNAMIR), Демократска Република Конго (ONUC и MONUC), Босна и Херцеговина (UNPROFOR) и Сомалија (UNOSOM I и II), се окарактеризирани како неуспешни мировни напори на ОН. Но, превентивното распоредување, во сите процени и анализи е оценето како ефективен начин на примена на дипломатијата на ОН во меѓународните односи, и е значително поекономично од традиционалните мировни операции во текот на конфликт или постконфликтно. Имајќи го предвид значителниот број на меѓудржавните и внатрешните конфликти ширум светот (вклучително и оние преземени од страна на недржавни актери), и постоењето на разни системи и организации за рано предупредување, логично е дека постои голема потреба од таков вид мисии.

UNPREDEP, ангажман на ОН во превенција и заштита од појава на конфликт, користејќи релативно мала сила, и без многу потреба од детални анализи, се смета за успешен случај. Од друга страна, оттогаш наваму биле воспоставени повеќе традиционални мировни мисии, но ниту без едно превентивно распоредување под покровителство на ОН. На крајот на оценувањето на UNPREDEP се поставува прашањето: Зошто овој позитивен резултат на дипломатијата





на меѓународната јавност не влијаеше до сега за воспоставување ново превентивно распоредување?
Сепак, идејата за планирање мировни операции на ОН за спречување евентуални конфликти, наместо реагирање по започнат конфликт, останува привлечна. Поранешни генерални секретари, вклучувајќи го и актуелниот António Guterres, ја имаат прифатено „превенцијата“ како водечки принцип во планирањето мировни операции на ОН. Во 2021 г., António Guterres се има обврзано да подготви „Нова агенда за мир“ за справување со тековните безбедносни предизвици.
Во литературата се наведуваат шест начини на кои превентивните мировни операции би требало да ги намалат ризиците од конфликт и ескалација, како и финансиските трошоци кои произлегуваат од напорите на меѓународната јавност за решавање на конфликтите. Големо внимание се посветува на проучување на улогата на „еднодимензионалните“ мировни операции (набљудувачки мисии) во справувањето со овие предизвици. Заклучок е дека многу мировни операции, вклучително и специјалните политички мисии на ОН, без значителни воени компоненти, можат да придонесат за спречување конфликти на различни начини.
Планерите на мировни мисии веќе го имаат обновено интересот за „еднодимензионални“ мисии, кои по природа првенствено би биле воени, без широки „мултидимензионални“ мандати (UNIFIL во Либан, UNDOF на Голанската Височрамнина и UN-FICYP во Кипар). Се верува дека „еднодимензионалните мисии“ може да станат позначајни во годините што следат затоа што нудат поприспособени одговори на идните кризи во споредба со мултидимензионалните, и може полесно да се преговараат мандати за такви мисии во ситуација на поделени ставови на земјите членки на Совет за безбедност (СБ).
Став на аналитичарите е дека таквите мисии можат да придонесат за спречување конфликти преку најмалку шест механизми:
1. Одвраќање: Мировната операција може да дејствува и како превентивна мерка за страните во конфликт со употреба на сила, со тоа што, или би имале мандат, капацитети и способности да реагираат со сила на акти на насилство, или со навремено сигнализирање дека СБ би интервенирал со вооружени сили, доколку мировната операција би се соочила со закана по животот на „сините шлемови“.
2. Транспарентност: И релативно малите по обем мировни операции можат да бидат транспарентни, и да се обидат да ги намалат тензиите меѓу страните во конфликтот – со набљудување на настани во областите со ризик од насилство, со следење на движењата и дејствата на борбените сили на завојуваните страни, со потврдување дека страните во конфликтот ги исполнуваат преземените обврски (прекин на огнот или друг договор), или со испитување на специфични тензични ситуации, со цел дwа се избегнат инциденти кои би биле вон контрола.
3. Подобрување на меѓусебната комуникација: Во ситуации кога страните во конфликтот имаат ограничен или воопшто немаат контакт меѓу себе, или нивото на меѓусебна доверба е многу низок, мировниците можат: или да дејствуваат како посредник за пренесување пораки, или да организираат форуми за вклучување во дијалог на страните во конфликтот.
4. Намалување на конфликтот: Мировните операции може да ги намалат ефектите од конфликтот преку соработка со хуманитарните организации, со цел добивање помош за ранливите групи, преговарање за локални примирја, обнова на инфраструктурата и поддршка на мерките за градење доверба (пр. размена на затвореници).
5. Помирување и решавање на причините за конфликтот: Пред, за време и по конфликтот, мировните операции можат да придонесат за намалување на тензиите преку: создавање услови за политички дијалог за причините за конфликт, и советување на лидерите на страните во конфликт, за можни решенија на заедничките проблеми (пр. донесување или вградување закони за малцинските права или прашањата за човекови права).
6. Спречување на конфликти: Во случаи кога насилството се заканува да се прошири од една соседна земја (или група земји) во друга, мировната операција може да помогне да се одвратат овие прелевачки ефекти и да се уверат соседните држави дека можат да избегнат насилство.
Внатредржавни конфликти и војни меѓу држави, имало и по завршувањето на мисијата UNPREDEP. Имало и многу сигнали од механизмите за рано предупредување за можни и веројатни воени конфликти кои, со превентивно распоредување на меѓународни мировни сили би биле решени.
Централното прашање по извршените анализи на UNPREDEP е: Зошто не се практикува повеќе превентивна дипломатија со распоредување мировни сили пред започнување на конфликт?

М.С.






# Значењето на безбедносната култура

Високото ниво на безбедносна култура е важно бидејќи човечката грешка предизвикува 95% од безбедносните проблеми во организациите. Затоа повеќе од јасно е дека треба да се фокусираме на човечкото однесување. Високо развиената безбедносна култура може да ги мотивира вработените сериозно да ја сфатат безбедноста, да ги разберат заканите и да практикуваат добри навики за безбедноста

Организациите коишто имаат развиена безбедносна култура се екипирани со вработени кои ги разбираат безбедносните ризици и преземаат чекори за да ги избегнат. Важно е целиот персонал да има општа свест за заканите за да можат да ги забележат и да донесат правилна одлука или да побараат стручна помош.

Кога сите вработени се свесни за безбедносните ризици, тие можат навремено да реагираат пред потенцијалниот ризик или закана да стане безбедносно нарушување. Вработените коишто се оспособени навремено да реагираат на сите предизвици, во рана фаза на одреден безбедносен инцидент ќе побараат помош. Тоа значи дека доколку се случи одредено безбедносно нарушување, организацијата многу брзо ќе се заздрави, а тоа е сè поради отворената комуникација и културата на пријавување на инциденти.Намалувањето на ризикот за нарушување на безбедноста е добра причина за високо развиена безбедносна култура. Развојот на висока безбедносна култура во една организација со вработени коишто се свесни за опасноста од безбедносни инциденти, е единствен начин за одбрана од безбедносни нарушувања од секаков вид. Секако, сите вработени во една организација не мора да ги знаат сложените детали, како на пример деталите за техничките безбедносни системи. Тие само треба да знаат на кои индикатори треба да внимаваат, како на пример појавата на „фишинг“ на е-маил, и кои секојдневни практики треба да ги применуваат, како на пример користење на силни лозинки. Доколку се појават проблеми, вработените секогаш можат да алармираат и да побараат помош до тимот за информатичка поддршка.

Кога општата безбедносна свест е на задоволително ниво безбедносните проблеми може да се превенираат пред тие да станат сериозни. Знаеме дека безбедносната култура е проблем со кој се справуваат многу организации. Исто така за многумина не е јасен моментот „од каде треба да се почне“. Кога се планира да се започне со

креирање на безбедносната култура, потребно е да се земат предвид неколку работи кои се согледани преку долгогодишни истражувања и искуство во оваа област.
Фактори поради кои е загрозена безбедносната култура секогаш се една низа на причинско-последични појави. Следните појави се многу честа причина за назадување на безбедносната култура: недостаток на безбедносни приоритети од страна на раководството во организацијата. Размислувањето дека безбедноста „не е важна работа“ е знак дека безбедносната култура е на ниско ниво и дека е потребно да се посветат посериозен пристап. Честа промена на персонал. Големата фреквенција на луѓе кои постојано си заминуваат и се заменуваат со нови во организацијата го отежнува воспоставувањето и одржувањето на безбедносната култура. Безбедносните побарувања и правила во организацијата се премногу сложени. Доколку безбедносните политики и правила во една организација се посложени отколку што треба, многу лесно ќе има ситуација во која голем дел од вработените нема да ги следат и да ги почитуваат безбедносните протоколи. Тоа може да доведе до појава на свесна небрежност, кога вработениот е свесен дека поради негово постапување или непостапување може да настанат штетни последици, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека нема да настапи одредено безбедносно нарушување. Во контекст на грижата за безбедноста, занемарувањето на одредена безбедносна процедура е форма на злоупотреба каде што сторителот, кој е одговорен да се грижи и да постапува во согласност со воспоставени безбедносни протоколи, не го прави тоа. Тоа може да биде резултат на невнимание, рамнодушност, неподготвеност и злоупотреба. Дисбаланс помеѓу ефикасноста и безбедноста. Работата во одредена организација која е оптоварена со интензивни рокови или притисок за завршување на одредена задача, може да ги наведе вработените да ги игнорираат безбедносните ризици или свесно да ги избегнуваат безбедносните протоколи. Иако ефикасноста е важна, таа мора да биде во спрега со безбедноста. Размислување – „мене нема можност таа грешка да ми се случи“. Понекогаш, дури и вработените кои се свесни за безбедносните предизвици во нивното опкружување, не се идентификуваат себеси или нивната организација дека се под одреден ризик. Со други зборови, тие не преземаат соодветни



безбедносни мерки на претпазливост и лесно можат да направат грешка. Незадоволство од работата. За персоналот кој е незадоволен од работните услови, постои голема веројатност да ги игнорираат безбедносните политики и протоколи, а посебно доколку има различни генерации на вработени кои имаат различни цели, мотивации и ставови за работата.
Од друга страна, постојат и фактори кои го поддржуваат растот и ја поттикнуваат безбедносната култура: Менаџмент на организацијата што ја цени културата ѝ дава приоритет на безбедноста. Позитивните вредности и ставовите на менаџментот во една организација кои се спуштаат на сите нивоа, тие се од голема важност за позитивна идентификација на сите вработени. Да се има лидерство што ја прави безбедноста приоритет е силен показател дека целокупниот персонал исто така ќе ја цени безбедноста. Високо ниво на свест за безбедносните ризици. Кога персоналот во една организација ги разбира безбедносните закани, тогаш има поголема веројатност персоналот да биде вклучен во активности кои поддржуваат силна безбедносна култура. Луѓето се мотивирани да се придржуваат до безбедносните протоколи. Без разлика дали безбедносните правила од страна на вработените, се почитуваат поради внатрешна мотивација (предводена од сопствена желба без никква надворешна поткрепа) или надворешна мотивација (награда, унапредување, зголемување на плата, доделување на почести и признанија),






мотивацијата за практикување добри безбедносни навики е клучен елемент за висока безбедносна култура. Отворена комуникација за безбедноста. Организација со висока безбедносна култура им овозможува на вработените слободно да разговараат за ризиците и да пријават закани. Општествени норми кои поттикнуваат безбедни практики. Сите ние сме под влијание на нашата околина и луѓето во неа. Организација во која владеат општествено прифатени норми, како на пример заклучување на екранот на компјутерот кога ќе станете од работната маса, е поверојатно да има восоко развиена безбедносна култура. Вработени кои практикуваат добри безбедносни практики е знак за присутна безбедносна култура. Национална култура. Работното место не е изолирано од остатокот од светот, иако понекогаш вработените во една организација може да се чувствуваат така. Како државата се однесува кон безбедносните прашања и безбедносната култура има големо влијание и врз поединецот. На пример, во голем дел од државите во Европа, заштита на приватноста на личните податоци за вработените е сериозно безбедносно прашање.
Со развојот на модерната технологија и човековата зависност од неа, денес никој не би се осмелил да изјави дека „не ни треба безбедност“. Секој знае колку е клучна безбедноста и како таа мора да биде вградена во сѐ што прави една организација. Секојдневно во билтените на поголемите организации или компании, ќе прочитате за безбедносни прекршувања што ни дава до знаење дека безбедносната култура не држи чекор со современите хибридни закани. Безбедносната култура е сѐ што се случува со безбедноста кога луѓето се препуштени сами на себе. Дали го прават вистинскиот избор кога свесно ќе се соочат со безбедносен проблем, и дали ги знаат вистинските чекори за безбедно да се извлечат од моменталната ситуацијата? Безбедносната култура во една организација, бара континуирана грижа и унапредување. Таа не може сама по себе да се развива на позитивен начин. Мора многу да се инвестира во безбедносната култура. Одржливата безбедносна култура не подразбира само еден настан. Одржливата безбедносна култура треба да има неколку карактеристики, коишто ќе ја дефинираат. Прво, таа треба да се гради свесно и со намера. Примарната цел на безбедносната култура е да поттикне промени и подобра безбедност, преку пресметан и планиран збир на активности за поттикнување на промените во организацијата. Таа треба да е привлечна и забавна. Луѓето сакаат да учествуваат во безбедносна култура која е пријатна и претставува предизвик за нив. Важно е да има и наградувачки карактер. Секако, безбедноста култура не е евтина и треба да обезбеди враќање на инвестицијата. Причината зошто некој ја надоградува безбедноста е со единствена цел, а тоа е намалување на „ранливоста“ на организацијата. Развиената безбедносна култура, не само што е во интеракција со секојдневните процедури во една организација, туку таа влијае и врз дефинирањето на тоа како безбедноста влијае врз квалитетот на понудата на таа организација. Зошто на една организација ѝ е потребна безбедносна култура? Примарниот одговор е нешто што длабоко во себе сите го знаеме. Во секој систем, луѓето секогаш се најслабата карика. Безбедносната култура е наменета првенствено за луѓето, а не за техниката. Компјутерите го прават токму она што ние им кажуваме да го прават. Предизвик за спроведување на висока безбедносна култура е кај луѓето, бидејќи, како пример, тие се оние коишто отвораат и одобруваат незаштитени пораки кои што ги добиваат по е-пошта и веруваат во тоа што таму е напишано. На вработените во една организација им е потребна рамка преку која ќе разберат што е безбедноста и безбедносната култура. Генерално, на вработените во една организација им треба обука и дообразование за да се вклопат во спектарот на безбедносната култура. Во многу организации вработените сметаат дека грижата за безбедноста им припаѓа на вработените во одделите за безбедност и заштита. Одржливата безбедносна култура бара од сите во организацијата да бидат целосно вклучени. Секој мора да се чувствува како лице кое што е одговорно за безбедноста, бидејќи безбедносната култура е за сите. Секој вработен во една организација со своите постапки претставува дел од безбедносното решение и безбедносната култура на организацијата. Организациската цел на сите треба да им биде дека за безбедноста не може да се преговара, од највисоко до најниско ниво. Свесноста за безбедноста е процес на учење на вработените на основните лекции за безбедноста. Секој вработен пред да може да ја разбере сериозноста на заканата, треба да биде оспособен да ја процени заканата. Покрај општата свест на вработените и напорите на менаџментот за нејзино подигање, потребна е креативност и знаење за безбедноста на апликациите кои што се користат. Согледувањата за безбедноста е постојана активност, затоа никогаш не смее да се пропушти ниту една кризна ситуација. Во организациите постојано се случуваат одредени инциденти коишто се директно поврзани со безбедносни проблеми. Ова се моменти од коишто може многу да се научи и коишто не треба да се прикриваат, туку напротив, да бидат искористени како научени лекции чии слабости ќе се искористат за јакнење на безбедноста во организацијата. Секој вработен сака да постапува правилно, но одговорност од нив може да се бара само откако преку одредена програма ќе им биде подигната безбедносната свест и култура.

д-р Ненад Танески



# Транзициска правда: Парагвај

Поминаа над три децении откако Алфредо Строеснер беше соборен со државен удар предводен од неговиот близок генерал Родригез. Многумина ќе речат дека во Парагвај сѐ уште живее сенката на „Ел Стронато“ – сеќавајќи се на периодот помеѓу 1954 и 1989 година

Алфредо Строеснер, син на германски имигрант, беше назначен за врховен командант на Вооружените сили на Парагвај во 1951 г. на само 39 години. Алфредо ѝ се приклучува на армијата на возраст од 16 години во 1947 г. и самиот одигрувајќи важна улога во победата на партијата „Колорадо“, за време на граѓанската војна. Строеснер доаѓа на власт преку државен удар, под закрила на наводната закана од комунизмот. Познат по давањето азил на нацистите по Втората светска војна, владее во тешко корумпиран режим во годините кога Парагвај ја бележи својата најниска стапка на почитување на човековите права. Доаѓа на власт, соборувајќи го избраниот претседател Федерико Чавес, воен старешина со тесни врски со популистичката влада на Хуан Доминго Перон во Аргентина. Малкумина претпоставуваа дека ќе владее речиси три и пол децении, врз основа на бруталната полициска репресија и воениот режим. Диктатурата на Строеснер потсетува на генералот Франко во Шпанија: Алфредо обезбедуваше привидна стабилност по граѓанската војна, градејќи го своето мото – мир, правда, демократија, три децении подгревајќи ги надежите на едно изолирано општество кое живееше во страв од можна политичка нестабилност.

Строеснер ја одржуваше политичката контрола со распуштање на Парламентот, забрана на опозициските партии и внатрешна чистка на неговата партија. Секои четири години победува на лажирани избори, менувајќи го Уставот за да му овозможи траен мандат. Строеснер успеа да ја развие партијата „Колорадо“ во патриотска машина: цивилни и воени лица, професори, лекари, инженери и секој со одреден придонес кон јавното добро беше приморан да ѝ се приклучи на партијата и на оние кои го прифаќаа неговиот реизбор на секои пет години, да е издигнат на ниво на ритуал беа наградени со дел од „колачот“. Портретот на Алфредо беше насекаде: патишта и автопати се именуваа по него, дури доби и свој град - Пуерто Строеснер. Парагвај, помеѓу Аргентина, Боливија и Бразил, отсекогаш бил посакувана рута за шверц и кривични дела. Матните бизниси и вртоглавите суми на финансии немале никакво влијание врз животот на обичните граѓани, особено големиот дел кој живеел во руралните средини на Парагвај. Истите причини го доведоа диктаторот прв пат во конфликт со Ватикан, чија црква се придружи на кампањите за социјална правда и измени во однос на сопственоста на земјиштето. 1980 година, САД преку својот амбасадор ги зајакнуваат своите дипломатски напори, на кој неколкупати му се закануваше протерување од Асунсион.

Доколку се навратиме station наназад – во раните 1950-ти, обидите државната економија да се постави на здрави нозе и неговите првични обиди по доаѓањето на власт се покажаа за неуспешни, по што одговорот на Строеснер беше одврзување на рацете на воениот режим и тајните служби, лансирајќи терор врз сите осомничени за ковање заговори против режимот. Надворешната политика на Строеснер означува жесток антикомунизам, внимателна дипломатија за да ја задржи независноста од Бразил и Аргентина и непоколеблива поддршка за САД. Во 1968 г. по неговиот трет реизбор, тој официјално го посети Вашингтон, станувајќи втор претседател на Парагвај, кој беше официјално поканет. Тогашниот претседател Џими Картер во Белата куќа донесе промени во политичката атмосфера, а односот со САД почна да се влошува како резултат на флагрантното кршење на човековите права и отсуството на политички реформи. Во 1987 г. американскиот амбасадор беше киднапиран додека присуствуваше на приемот во негова чест, спонзориран од „Жените за демократијата“.

Хуманитарните организации како што се „Оксфам“ и „Амнести интернешнал“, го осудија Парагвај како земја со една од највисоките стапки на концентрација на земјиште во Латинска Америка. 1,6% од населението поседува 80% од земјата. За ова директно е одговорен поранешниот режим: помеѓу 1954 и 1989 година околу 8 милиони хектари биле распределени меѓу пријателите на власта, што е една третина од обработливото земјиште. За парагвајскиот економист Рубен Рамирес Лезкано, покрај концентрацијата на земјиштето, уште еден сериозен проблем е корупцијата. Фактот дека Парагвај никогаш не ги осуди луѓето кои беа најодговорни за мачењето и смртта за време на строенизмот (само неколку полицајци и цивили беа осудени) и почнаа да ги бараат и да ги идентификуваат исчезнатите. Претседателот на Комисијата за вистината и правдата Марио Меланио Медина, изјави дека постои „недостаток на интерес од владите кои дојдоа по диктатурата” во „потрага по вистината“. Децениите кои доведоа до диктатурата на Алфредо Строеснер беа „обоени“ со политичка нестабилност, граѓанска војна и војна со Боливија. Во 34-годишното владеење на Строеснер, политичката слобода беше ограничена, несогласувањето со владините политики беше потиснато, домородните народи беа асимилирани, а јазикот на домородните народи беше забранет за употреба. Земјата сѐ повеќе се



изолираше од меѓународната заедница. Во февруари 1989 г., генералот Андре Родригез го собори Строеснер од власт, а подоцна и победи на претседателските избори во Парагвај. Беа преземени чекори кон стабилноста, вклучувајќи го и усвојувањето на новиот устав. Парагвај привидно се враќа кон граѓанското владеење 1993 г. но политичката лукративност ја засенува потребата за справување со злосторничкото минато.

Интересот за создавање „Комисија за вистината“ се зголемува кога д-р Мартин Алмада, парагвајски адвокат и активист за човекови права, случајно открива тони разузнавачки документи кои ја откриваат улогата на парагвајските безбедносни сили во операцијата „Кондор” – прикриена транснационална воена мрежа која им овозможила на Чиле, Аргентина, Уругвај, Боливија, Парагвај, Бразил, а подоцна и на Перу и на Еквадор да ги следат, да ги мачат, да „исчезнат“ или да ги убијат политичките противници преку границите. Евиденцијата откриена во Парагвај го документирала тајното воспоставување на мрежата во 1975 г. постоењето на заеднички информативен центар во седиштето на чилеанската тајна полиција во Сантијаго, како и вклучувањето на генералот Строешнер во операцијата „Кондор“. Досиејата пронајдени во Парагвај станаа познати како „архива на теророт. Комисијата за вистината и правдата на Парагвај беше основана со акт на Парламентот во октомври 2003 г. Во согласност со првичниот мандат, целта беше да се обезбедат историски податоци за насилствата







за време на режимот на парагвајскиот диктатор, придонесувајќи кон гонењето на кривични дела за човекови права што се случиле меѓу 1954 и 1989 г. Комисијата ја сочинувале девет комесари: осум мажи и една жена, предводени од бискупот Монсењор Марио Меланио Медина. Финалниот извештај на Комисијата беше објавен во август 2008 година, па така во согласност со податоците:
- Комисијата ги заснова своите наоди на 2059 сведоштва, 14.000 документи и осум јавни расправи; објавувајќи 19.862 арбитрарни притвори, 18.772 случаи на тортура, најмалку 59 жртви на краткотрајни егзекуции, 336 принудни исчезнувања и вкупно повеќе од 128.000 жртви на воениот режим.
- Комисијата ги припиша систематските прекршувања на човековите права од страна на тогашните државни власти, под закрилата на борбата против внатрешната субверзија, комунизмот и тероризмот.
- Репресијата не била ограничена само на одредена група, туку насочена кон членовите од различни политички, социјални и културни потекла.
- За време на режимот и за следните 15 години, за време на транзиција, оттуѓени се 7.851.295 хектари земјиште (19.400.972 хектари), главно на членови на семејството, политички и воени сојузници на Строеснер.
- Во април 2006 г. Комисијата објави дека Алфредо директно бил одговорен за шеесетина случаи на кршење на човековите права за време на неговиот режим. Граѓанското општество го критикуваше овој број како премногу низок. Паралелно, тоа време во Бразил, Строеснер се стекна со правото да се брани против горенаведените обвиненија.
- Два месеци по објавувањето на финалниот извештај, војник сведочеше пред претседателот на Комисијата. Ова сведоштво открил постоење на тајна комора за мачење во подрумот на поранешното Министерство за внатрешни работи. Политичките затвореници од Парагвај, Чиле, Аргентина и Уругвај беа најверојатно притворани таму како дел од Операцијата.
Комисијата, дополнително препорача продолжување на потрагата по исчезнатите лица, воспоставување на центар за јавно информирање, база на податоци за генетиката, како и да се вклучат наодите од извештајот во наставната програма на јавните училишта. Препорача и бројни случаи за формално гонење, вклучувајќи неколку случаи на насилство врз жените. Во 2005 г. Комитетот за човекови права на ОН објави дека се направени позитивни промени во законодавството против дискриминација по полова основа, од кои некои беа препорачани од страна на Комисијата за вистината и правдата. Архивата на теророт, откриена во 1992 г. беше зачувана, додека Центарот за архивирање и документирање на одбраната на човековите права беше создаден со цел да се заштити тамошниот инвентар, односно внатрешната евиденција произведена од парагвајските безбедносни сили за време на режимот. Ова беше првото откриено складиште од ваков вид, кое ја документирало работата на операцијата „Кондор“, откриена во Латинска Америка (следствено, слична архива беше откриена во Гватемала). Владата иницираше програма за репарации, раководена од Националната комисија за човекови права. Напорите за гонење на Строеснер од страна на Комисијата не беа успешни: Алфредо почина во егзил во август 2006 година. На почетокот на 2017 г. остатоците од четворица загинати за време на воената диктатура на Парагвај во 1954 до 1989 г. им беа доделени на нивните семејства во емотивна церемонија, прва од ваков вид. Остатоците од четирите жртви се единствените идентификувани до тој момент за околу 400 лица кои биле егзекутирани и 19 000 лица мачени под власта на Строеснер, според парагвајската Комисија за вистината и правдата. Идентификуваните остатоци им припаѓаат на двајца Парагвајци: Мигуел Ангел Солер, поранешен генерален секретар на комунистичката партија, и Кастуло Вера Баез, земјоделец. Двајцата исчезнале во 1977 година. Другите две жртви биле Рафаела Филипаци, италијанска државјанка, и Хозе Агустин Потенца од Аргентина. Двајцата исчезнале во Монтевидео, Уругвај, во 1977 г., но биле убиени во Парагвај. „Многу сум среќен по долгогодишната болка и потрага ... мора да вложиме напори за да им се суди на одговорните од сите земји“, изјавила Силвија Потенца, ќерката на Хозе Агустин, која тогаш допатувала од Аргентина за церемонијата.



м-р Тамара Лазаревска-Силјаноска



# Советско-авганистанска војна 1979 – 1989: Причини и последици (2)

Советско-авганистанската војна, која траела од 1979 до 1989 година е последната воена интервенција во периодот на Студената војна. Советскиот Сојуз интервенирал во Авганистан за да ѝ помогне на новата комунистичка влада да ги спроведе радикалните промени коишто повеќето од населението одбило да ги прифати

Советско-авганистанската војна е поделена во 4 фази. Првата фаза е спроведена во периодот од декември 1979 до февруари 1980 година – период кога советските сили биле распоредени во Авганистан. Во оваа фаза, правилата за ангажирање на војниците на Советската армија биле дека можат да отворат оган ако бидат нападнати или во операции за ослободување на заробените советски војници. Во јануари 1980 година, настан во кој загинале тројца советски советници ја принудиле Црвената армија да преземе поголеми воени операции и убие стотина Авганистанци. Оваа катастрофа беше причина за огромни демонстрации на 21 февруари во Кабул, кога 300 000 луѓе излегле на улиците, извикувајќи антисоветски и антивладини слогани. Демонстрантите ја бомбардирале Советската амбасада во Кабул, при што загинале неколку советски граѓани. Во март 1980 година советските војници ја спровеле првата огромна операција во провинцијата Кунар, каде што изгубиле 245 војници. Нападите врз советските војници на главната рута за снабдување се зголемиле, а Црвената армија организирала систем за поддршка со контролни пунктови во должина на главната рута за снабдување и главните патишта. Контролните пунктови биле многу мали, приближно десетина војници на секој пункт. Животот бил тежок, посебно што некои од војниците останале и по осумнаесет месеци на истото место. Бунтовниците редовно ги напаѓале контролните пунктови, а во период од осум месеци, Црвената армија изгубила 3 командири на контролните пунктови, додека 72 припадници биле убиени, а 283 беа повредени. Снабдувањето на

некои од контролните пунктови било тешко, бидејќи биле поставени на високи места и само хеликоптер можел да донесе набавки.
Втората фаза од војната во советскиот Авганистан била помеѓу март 1980 и април 1985 година. Во овој период од војната, двете страни, Црвената армија и муџахидините ја подобриле нивната воена тактика. Муџахидините ја научиле лекцијата дека не биле подготвени за директни конфронтации со Црвената армија и тие ја прифатиле герилската тактика: заседата и поставување на мини. Во една од главните операции, Извидувачкиот баталјон од Црвената армија загубил 45 војници. Овој период на војната бил најкрвавиот период за Црвената армија, бидејќи тие имале 9.175 убиени војници или приближно 148 месечно.
Во третата фаза, која била во периодот помеѓу мај 1985 и крајот на 1986 година, претседателот на Советскиот Сојуз, Михаил Горбачов, се обидел да ги врати војниците дома и да ги намали жртвите на Советите во оваа многу непопуларна војна. советските воздушни, артилериски и моторизирани единици им давале поддршка на авганистанските сили, а оваа поддршка го зголемила моралот на нивните сојузници. Главната задача за специјалните сили, како што се „SpetsNaz“ и единиците за реконструкција, била да го намалат снабдувањето со опрема, муниција и оружје за муџахидините, кое доаѓало од странство. Во оваа фаза Црвената армија имала 2.745 жртви, околу 137 месечно. Во летото 1986 година, шест полкови на Црвената армија се вратиле дома во Советскиот Сојуз и тоа бил првиот чекор за повлекување на советските сили од Авганистан.
Четвртата и последна фаза од војната во советскиот Авганистан започнала во ноември 1986 година, кога новиот претседател на Авганистан, Мохамед Наџибула, го заменил Бабрак Кармал. Новиот авганистански претседател Мохамед Наџибулах со активна советска поддршка започнал политика на национално помирување. Црвената армија продолжила да и дава поддршка на армијата во Авганистан со користење на авиони-бомбардери кои летаале во тајни мисии. Во еден инцидент пред крајот на војната, една бомба, фрлена од советскиот бомбардер, убила неколку авганистански цивили, но никој не бил обвинет. Во февруари 1989 година, 40-тата армија, која била главната Советска сила во Авганистан, ја фокусирала својата активност врз подготвувањето и извршувањето на повлекувањето од тие простори. Советската Црвена армија се повлекла од Авганистан во два периода. Првото повлекување било во периодот помеѓу мај и август 1988 година, а второто било помеѓу ноември 1988 и февруари 1989 година. Во текот на оваа четврта фаза од војната, Црвената армија имала 2.262 жртви или 87 месечно.

**Муџахедини**

Муџахедините биле воини кои поседувале големи мотиви, биле храбри и вешти за герилски борби, а многу од нив биле поранешни армиски офицери кои преминале на страната на бунтовниците. За поголемиот дел од поранешните армиски офицери, сега главната причина за промена на страната на муџахедините била религиозната страст или парите. За Советските војници кои се бореле во урбаните средини било многу тешко, бидејќи морале да препознаваат и да прават разлика меѓу пријател и непријател. Поради тоа се случувало многу често советските војници да пукаат прво, а потоа се размислувало на прашањето за колатерална штета. Во тие периоди од војната во советскиот Авганистан имало 7 муџахедински партии, лоцирани во Пакистан, и претставници во Авганистан, кои организирале синџир за собирање пари и воени резерви за бунтовниците. Во средината на војната во мај 1985 година, 7 муџахедински партии ја организирале Алијансата на седум.
Во новата организација, алијансата од седум, партиите сè уште биле ривали, наместо да бидат партнери, а командантите на муџахедините најчесто им давале извештаи на нивните партиски лидери. Тие регрутирале и организирале обука за герилска борба во камповите за бегалци или во Авганистан. Лојалноста на тие луѓе не била сигурна затоа што





лесно ја менуваа својата страна за лична корист.
На почетокот муџахедините имале големи успеси во спроведување на 38 герилски напади во кои убиле 63 лица во април 1980 година, а во мај 1980 година во 112 герилски напади убиле 201 лице. Упатствата на Исламската партија на Авганистан за муџахедините биле да избегнуваат директна конфронтација со војниците од Советскиот Сојуз и да се камуфлираат меѓу цивилите. Муџахедините најчесто го напаѓале Кабул со ракети, а нивниот најголем успех се случил во август 1986 година, кога ракета ја погодила главната станица за муниција на Советскиот Сојуз, уништувајќи 40 илјади тони муниција во вредност од околу 250 милиони американски долари. Добро обучени муџахедини со употреба на тешки митралези направени во Советскиот Сојуз можеле да ги урнат авионите што Црвената армија и Авганистанската армија кои ги користеле во операците против нив. По две-три години од почетокот на војната, муџахедините со помош на ЦИА, обезбедиле лесно противавионско оружје. Користејќи го ова оружје, тие и направиле голема штета на Црвената армија и на нивните авганистански сојузници, уништувајќи многу авиони на теренот. Муџахедините сакале да го набават и американскиот „Стингер“ (противавионско оружје) коешто било многу софистицирано и лесно можело да ги погоди авионите и хеликоптерите. САД одбиле да го обезбедат овој систем на муџахедините до февруари 1986 година. Откако Американците решиле да им дадат „Стингери“ на Муџахедините, тие ги снабдуваат со 240 системи и 1.000 проектили.
Муџахедините го користат Стингер за првпат на 26 септември 1986 година, кога собориле 3 советски хеликоптери „Ми-24“ во Џалалабад. Овие загуби имале големо влијание врз моралот врз Советските војници и нивната понатамошна тактика во оваа војна. Пред овој настан Советските и Авганистанските сили користеле авиони и хеликоптери над целата територија на Авганистан, во секое време од денот, но сега, откако муџахедините имале „Стингери“, тие морале да ја сменат својата тактика. Сега летале ноќно време, а кога се приближувале до аеродромот на безбедна височина, слетувале во брза спирала. Советите ги опремиле своите хеликоптери со инфрацрвени зраци со цел да го збунат системот за насочување на истрелираните ракети на „Стингер“. Војната на Советскиот Авганистан и резултатот од оваа војна покажуваат дека Црвената армија не била подготвена за ваква војна. Структурата на Црвената армија, нивната опрема и обука била соодветна за војна против современиот непријател, а не за герилски борби со кои се соочуваат во Авганистан. Поради тоа, 40-тата армија, главната советска сила во оваа војна, морала да ја смени структурата на силите, тактиката, обуката и опремата. Движењата на моторизираните и оклопните единици биле многу тешки во планинските области. Советската униформа била непријатна и несоодветна, со погрешна маскирна шема за борба во високи планини. Вреќите за спиење биле многу лоши и во најголем дел од времето бескорисни, бидејќи не беа водоотпорни. Дел од опремата била дизајнирана за време на војната и тестирана директно на бојното поле. Тежината на личната и заштитната опрема изнесувала 35 килограми, а тоа ги ограничувало војниците да бидат помалку маневрирачки. Очигледно било дека советскиот претседател Брежњев имал добри односи со првиот комунистички лидер во Авганистан, претседателот Мохамед Тараки, и тоа била една од причините за советската инвазија. Црвената армија се нашла во ситуација да се бори против луѓе кои одбиле да ги толерираат напаѓачите, а последиците од оваа брутална војна беа фатални за двете страни. Советските власти објавиле дека 15.000 биле загинати, но вистинскиот број можеби е 75.000. Бројот на ранети Авганистанци е околу 750.000 Оваа Советска војна во Авганистан ја потврдува тезата дека моќта не е доволна за успешно да ја освои една земја и нација, користејќи сила за да ја оствари својата цел.





Марјан Кировски



# Трите оружја кои го сменија текот на војната во Украина

Многу различни офанзивни и дефанзивни вооружени системи ѝ беа донирани на Украина, но три оружја кои беа испратени до Украина посебно се истакнаа и го сменија текот на војната. Тие три оружја се напредното противтенковско оружје, познато како „FGM-148 Javelin", високомобилниот артилериско-ракетен систем: HIMARS (High Mobility Artilery Rocket System), и секако: дроновите

По најавата на претседателот Владимир Путин за започнувањето на т.н. „специјална воена операција" и по првите снимки од нападите врз Украина, целиот свет очекуваше дека целата воена операција ќе заврши за неколку дена и дека Украина ќе капитулира. Меѓутоа, тоа не се случи, напротив, украинските сили покажаа голема отпорност и еластичност во одбраната и успеаја да ги одбијат првичните напади на руската војска. Западните земји веднаш започнаа со испраќање на големи количини оружје и муниција за украинската одбрана. Уште во јануари, околу еден месец пред почетокот на инвазијата, воените планери на САД проценија дека на Украина ѝ е потребно оружје што може брзо да се достави, што нема да бара скапо и комплексно одржување и што може за релативно кратко време да биде совладано од украинските војници. Тоа оружје беше рачниот противтенковски ракетен систем: „FGM-148 Javelin". Митовите за моќта на руските тенкови беа многу брзо срушени откако „javelin" почна да ги таргетира. „Javelin" е дизајниран да биде „fire and forget" или преведно: испукај и заборави, што значи дека управувачот на оружјето треба само да го заклучи нишанот на целта, и да го повлече чкрапалото без да има потреба да го насочува проектилот, а потоа веднаш може да бара засолниште. Претходниците на „javelin" ја немаа ваквата опција. Друг многу важен елемент на „javelin" е опцијата да го погоди тенкот од горе (top attack mode), односно во делот каде што заштитата е најслаба. „Javelin" има решение и за тенковите што имаат реактивен експлозивен оклоп, односно плочки кои експлодираат во спротивната насока на проектилот со цел да го намали ефектот на истиот. Поради тоа, боевата глава на „javelin" има две експлозивни полнења, од кои првото го активира реактивниот оклоп на тенкот, со што првиот слој на заштита е пробиен, а второто (главно) експлозивно полнење го онеспособува самиот тенк. Ова

оружје им овозможи на украинските војници да користат герила тактики и успешно да ги стопираат руските оклопни возила, пред сè: тенковите.

Следното оружје кое го измени текот на војната е високомобилниот артилериско-ракетен систем или „М142 HIMARS“ (High-mobility artilery rocket system). HIMARS претставува лесен повеќекратен ракетен систем дизајниран во 1990-тите години. Од HIMARS може да се лансираат 6 GMLRS (Guided Multiple Launch Rocket System) ракети кои имаат зголемен дострел и се насочувани со помош на GPS, правејќи ги многу прецизни, или, пак, може да се лансираат две GLSDB (Ground Launched Small Diameter Bomb) бомби кои се опремени со ракетни пропелери и кои имаат двапати поголем дострел од GMLRS ракетите и се подеструктивни. HIMARS може да лансира и една ATACMS - балистичка ракета со краток дострел (300 километри). Поради големиот дострел, односно можноста за напад со ATACMS врз руска територија од страна на украинските војници, САД ги снабдуваат украинските сили само со претходните два вида на муниција. Моќта на HIMARS е тоа што може да употребува сателитски информации за позициите на непријателот, да испука неколку ракети и за многу кратко време да ја смени локацијата, и тоа со брзина која достигнува максимум 85 км/ч, а може да вози и по секакви непогодни терени. На 23-ти јуни, 2022 година, во Украина пристигна првиот HIMARS и за два дена почна да се употребува. Благодарение на HIMARS украинските војници успеаја да уништат стотици руски бази, складови со муниција и друга опрема, командни центри, мостови и слично. На новогодишната ноќ, со прецизен удар од HIMARS беа погодени руски бараки, притоа убивајќи 63 војници. Според началникот на ГШ на САД, генералот Марк Мили, ова оружје има разорен ефект врз руските сили, додека министерот за одбрана на Русија – Сергеј Шојгу, изјави дека HIMARS е една од приоритетните цели на руските напади. САД тврди дека сè уште ниту еден HIMARS не е уништен во Украина, а во октомври беа најавени уште 4 HIMARS за украинската војска, така што вкупниот број на HIMARS во Украина ќе се искачи на 20. Меѓу најупотребуваните средства во оваа војна се дроновите. Од најобични комерцијални дронови, па сè до дронови со големина на еден помал авион, дроновите се клучната „алатка“ во постигнувањето на целите кај двете завојувани страни. Украинските војници вешто ги користат комерцијалните дронови, кои можат да се купат во речиси секој техномаркет, а истите се користат за извидување, или, пак, на нив се закачува рачна граната или сличен помал експлозив кој се пушта врз целта. Турскиот дрон-бајрактар „ТБ2“ е уште едно клучно оружје што го поседуваат Украинците, односно овој дрон е уште еден уништувач на руски тенкови, оклопни возила, хаубици и противоздушни системи. Лутачките муниции или подобро познати како „камикази“ дронови се меѓу најдеструктивните оружја и за двете завојувани страни. Во првите месеци од инвазијата, војската на Украина беше снабдена со стотина „камикази“ дронови „Switchblade 300“. Овие дронови се мали и можат да се носат во обичен ранец и за нивно лансирање потребен е само еден војник кој за околу две минути може да го лансира и да ја погоди целта во радиус од 10 километри. Откако ќе полетаат „Switchblade 300“ дроновите, во воздух остануваат 20 минути и ја бараат целта врз основа на информации добиени од извиднички или разузнавачки дронови како „Puma 3 AE“. Доколку не ја најдат целта, тогаш дроновите самите паѓаат и се самоуништуваат. Овој дрон е користен од страна на украинските сили за да уништат „меки цели“, односно војници, камиони, митралезни гнезда и сè што е без или со послаб оклоп. Пентагон најави испраќање на 10 „switchblade“ 600 дронови кои имаат дострел поголем од 90 километри и се поубиствени за тенкови и други оклопни возила. Овие три оружја донирани од западните поддржувачи несомнено го изменија текот на војната. Останува да се види каков импакт ќе имаат останатите оружја како: „Storm Shadow“, „MIM-104 Patriot“ и, секако, тенковите со западно потекло, кои беа донирани подоцна во војната.





Александар Мирчески




# Соработка во тестирањето на вештачката интелигенција

Алијансата Аукус е трилатерален безбедносен пакт помеѓу Австралија, Велика Британија и САД, кој вклучува и соработка во областа на напредните кибер-механизми, вештачка интелигенција и квантни технологии. Во рамките на овој пакт беше спроведено тестирањето на автономната вештачка интелигенција која се користи во воените средини, со цел технологијата да се користи „одговорно“ на теренот. Заменик-шефот на Генералштабот за одбрана на Велика Британија, генерал-полковник Роб Магуан, во врска со ова изјавил дека тестирањето ги покажува напредните способности на Аукус и дека се работи во коалицијата за идентификација, следење и спротивставување на потенцијалните противници од поголемо растојание и со поголема брзина. Сервисниот персонал, научниците и инженерите од трите држави заедно развиваат и споделуваат критични информации за да го зајакнат донесувањето одлуки на командантите.



Забрзувањето на технолошкиот напредок ќе ги обезбеди оперативните предности неопходни за пораз на сегашните и идните закани низ борбениот простор. „Ние се обврзавме да соработуваме со партнерите за да се осигураме дека ќе го постигнеме ова, истовремено промовирајќи го одговорниот развој и распоредувањето на вештачката интелигенција“, изјави генералот Магуан.

Партнерството на Аукус за прв пат беше објавено во 2021 година, кога Австралија се обиде да одговори на акциите на Кина на Пацификот. Американски висок советник на секретарот за одбрана на Аукус, Абе Данска, во однос на заедничката соработка, рече: „Ја признаваме огромната важност на оваа соработка за зајакнување на нашата колективна национална безбедност на нашите нации. Развојот и распоредувањето на напредни технологии за вештачка интелигенција имаат потенцијал да го трансформираат начинот на кој пристапуваме кон предизвиците во одбраната и безбедноста. Оваа демонстрација на способностите е навистина заеднички напор и со тоа претставува критичен чекор во нашата колективна иницијатива да останеме пред појавените закани. Со здружувањето на нашата експертиза и ресурси преку нашите партнерства во Аукус, ние можеме да обезбедиме нашите војски да се опремени со најнови и најефикасни алатки за одбрана на нашите нации и за одржување на принципите на слобода и демократија низ целиот свет.“

м-р Зорица Стојкова

# Армискиот п... – наш и ... изв... обука, трен... мултина...

Армискиот полигон „Криволак“ располага со огромен број на сместувачки капацитети на седум локации, како кампови и логори. Со инвестициите што веќе се направени и со планираната идна модернизација, со сопствени капацитети и со поддршка од американската Армија, полигонот „Криволак“ станува еден од најдобрите полигони за вежби на НАТО на европскиот континент и најдоброто нешто што можеме да го понудуме како земја сојузник. Со инвестиции во патната инфраструктура, сместувачките капацитети и обнова на полигоните за обука, полигонот „Криволак“ добива нов, модернизиран и современ лик. Во текот на изминатите неколку години се изградија полигони со подвижни и неподвижни цели за оклопни возила, полетувачко-слетувачка патека за беспилотни летала, магацин за складирање цели. Со оваа инфраструктура се зголеми мобилноста во рамки на полигонот, како и капацитетот за изведување на големи национални и мултинационални вежби. На армискиот полигон „Криволак“ се реализирани голем број мултинационални теренски вежби како што се „Брз одговор 23“, „Swift Response 22“, „БЛЕСОК 22“, „Одлучен удар 21“ и други значајни вежби кои придонеле нашата држава да го претстави полигонот „Криволак“ како уникатен капацитет. Вежбите се од особено значење за нашата армија во однос на споделување на знаења, способности и вештини, подобрување на интероперабилноста и меѓусебна оперативна синхронизираност помеѓу армиите на НАТО и партнерските армии. Со сето ова се овозможува развој на интероперабилноста со вооружените сили на сојузничките земји и усогласување на техниките

# олигон „Криволак“
# НАТО ресурс за
# зедување
# инг, национални и
# ционали вежби



Армискиот полигон „Криволак“ е еден од најголемите на Балканот, со капацитети и можности за современа обука, тренинг и изведување национални и мултинационални вежби. Полигонот „Криволак“ е одличен ресурс за нашата Армија, меѓутоа е одличен ресурс и за НАТО Алијансата

и процедурите на сојузниците. Дел од вежбите се одвиваат и се организираат според фиктивно сценарио со креирани настани и инциденти кои овозможуваат единицата да се оцени во согласност со НАТО стандардите според предвидените области. Оценувањето го спроведува национален тим за оценување кој е сертифициран од страна на НАТО школото за вршење на оценување на борбената готовност на копнените сили според стандардите и процедурите на Алијансата. Оценувањето се спроведува низ седум различни области на способност: подготовка, проектирање/ангажирање, одржување, консултација, командување и контрола, заштита и информирање. Некои сценарија се однесуваат на демонстрирање на подготвеноста со употреба на кредибилна колективна одбрана со вклучување на компјутерски поддржани вежби, теренска обука и вежби со боеви гаѓања. Во секоја вежба секој припадник и секоја единица од вооружените сили има можност да сподели знаења и способност во насока на зголемување на довербата и заемно разбирање. Целта на секоја вежба е да обезбеди синхронизација на расположливите сили и капацитети, потврда на тактиките, техниките и процедурите за координирани конвенционални операции, здружени и комбинирани операции во урбана средина, во различни временски услови. Во исто време се постигнува зголемување на нивото на интероперативност и интеграција како помеѓу конвенционалните, така и помеѓу силите за специјални операции на партнерските земји, потврдувајќи го нивото на борбена готовност и ставајќи ја на тест способноста на логистичката поддршка за интензивна одрживост на операции со висок интензитет. Фактот дека Република Северна Македонија е домаќин на многу вежби покажува дека нашата држава и нејзината Армија имаат сериозен капацитет да придонесат кон колективната одбрана, безбедност и сигурност на Евроатлантската област.

Цветанка Велковска





# Вежбата „Брз одговор 23“ во целост ја постигна својата цел

На армискиот полигон „Криволак“ се одржа вежбата „Брз одговор 23“ како дел од најголемата мултинационална вежба во Европа оваа година „Defender Europe 23“. Вежбата се изведува во осум земји во регионот, меѓу кои Македонија, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Словенија и Косово. Во делот од вежбата што се реализираше во Република Северна Македонија учествуваа околу 1850 припадници на четири НАТО армии и една земја партнер

Вежбата „Брз одговор 23“ („Immediate Response 23“) во Република Северна Македонија започна на 22 мај со учество на армии од 4 НАТО земји (Северна Македонија, Соединетите Американски Држави, Албанија, Црна Гора) и една партнерска земја (Косово), со вкупно 1850 учесници. На вежбата беа изведувани комбинирани копнени и компјутерски симулирани операции, а целта на вежбата беше подобрување на воените способности и на интероперабилноста на сојузниците и партнерите. Преку изведување на здружен опсег на операции, мисии и активности, вежбата влијаеше на подобрување на брзината на дејствувањето и на усогласувањето на оперативните процедури. Учесниците на вежбата користеа своја формациска опрема и вооружување, а како дел од опремата беа вклучени оклопни возила од серијата на „HMMWV“ , борбени хеликоптери „AH-64 APACHE“, транспортни хеликоптери „UH-60“ (Black Hawk), транспортни хеликоптери „CH-47“ (Chinook), транспортни медицински хеликоптери „HH-60“ (Black Hawk), транспортен хеликоптер „Ми 8/17“ и повеќе артилериски орудија. Во рамките на вежбата беше употребено и роботизираното софистицирано возило т.н. „Project Origin“, кое е во пробна употреба во Армијата на САД и кое за прв пат во вежбовни услови тестираше истрелување на противоклопна ракета од типот „Javelin“ и претставува платформа за тестирање и демонстрација на нови технологии. Поради заштита на животната средина, во соработка со универзитетската лабораторија АМБИКОН од Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, беше организирано мерење на суспендирани честички на АП „Криволак“ за време на вежбовните активности. Вежбата се одвиваше етапно, по фази и зададени сценарија и траеше до 2 јуни. На Денот за високи гости, кој се одржа на 29 мај, припадниците на вооружените сили на Северна Македонија, САД, Албанија, Црна Гора и Косово изведоа вежба насловена „Мултинационална чета во напад, поддржана со артилериска, воздушна и противоклопна поддршка“. На настанот присуствуваа високи гости од земјата и од странство, меѓу кои претседателот на Собранието, Талат Џафери, претседателот на Владата,



Димитар Ковачевски, министерката за одбрана, Славјанка Петровска, НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и други високи претставници од МО и од Армијата, како и претставници на дипломатскиот кор во земјата.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во своето обраќање им се заблагодари на припадниците на македонската и на сојузничките армии и им честиташе за покажаната професионалност, посветеност и заедништвото кое го покажаа изминатите денови. „Во НАТО чекориме рамо до рамо, обединети со прогресивните сили на светот и нашиот стратешки партнер САД, подготвени да одговориме на заканите, без оглед од каде доаѓаат. Со оваа вежба испраќаме неколку силни пораки – дека придобивките од сојузништвото во НАТО се, пред сè за граѓаните, дека нашата земја е подеднакво голема и важна колку секој од сојузниците и дека солидарноста е клучот на успехот и напредокот, особено во тешки времиња“, рече министерката за одбрана Славјанка Петровска во своето обраќање на Денот за високи гости.
Министерката Петровска истакна дека силата е во различностите и дека секој успех е заеднички, и на сојузниците со кои работиме и на граѓаните за кои работиме, и додаде дека секоја инвестиција во Армијата е инвестиција во нашата безбедност.
Во текот на одржувањето на вежбата „Брз одговор 23“ беа организирани „Отворени денови“ за граѓаните, каде граѓаните имаа можност да се запознаат со опремата и вооружувањето кои се користеа на вежбата. На отворениот ден за јавноста во Куманово, односно на спортскиот аеродром „Аџи тепе“ беа прикажани воздухоплови, возила и опрема кои беа вклучени во вежбата.
Министерката за одбрана Славјанка Петровска и амбасадорката на САД во Северна Македонија Анџела Агелер, присуствуваа на „Отворениот ден“ во Кавадарци. „Целта на оваа вежба е да се покаже заедништвото, сојузништвото и подготвеноста на армиите кои учествуваат за меѓусебна соработка, меѓутоа и за совладување на какви било предизвици кои може да се појават во иднина. Задоволство е да бидеме домаќини на повеќе сојузници од НАТО алијансата, и една партнерска земја – Косово, со коишто навистина ја извежбуваме оваа заедничка активност и ја покажуваме силата на сојузништвото“, рече министерката на Отворениот ден. Петровска порача дека е задоволство да се биде помеѓу кавадарчани на овој отворен ден и ѝ се заблагодари на амбасадорката Агелер за континуираната американска поддршка во развојот на Армијата. Амбасадорката Агелер истакна дека токму фактот дека припадниците на копнените сили на САД за Европа и Африка, како и припадниците на Националната гарда на Минесота, извежбуваат рамо до рамо со припадниците на Армијата на Република Северна Македонија. Ова го покажува партнерството помеѓу САД и Северна Македонија. „Овие 30 години партнерство, навистина сметам дека треба и вас да ве направат горди, треба да сте горди на земјата, на војниците, треба да сте горди на самите себе и на вашите сили. Ви благодарам многу за поддршката којашто им ја давате заедно со сите НАТО сојузници на Украина, и во исто време би сакала да истакнам дека треба да сте горди на важната улога која Северна Македонија ја има во овој регион“, рече амбасадорката Агелер.
На Отворениот ден граѓаните можеа одблиску да се запознаат со возилата и опремата која е дел од вежбата, вклучувајќи го и роботизираното софистицирано возило т.н. „Project Origin“, кое е во пробна употреба и претставува платформа за тестирање и демонстрација на нови технологии на Армијата на САД. „Ова се моменти кога со гордост велам дека македонската Армија е НАТО армија, моменти кои потврдуваат дека инвестицијата и во опрема и во човечки ресурси во Армијата е инвестиција во заедничката иднина и е гаранција за нашата колективна безбедност“, заклучи Петровска.
На 2 јуни 2023 година во Центарот за обука „Пепелиште“ со свечен строј беше затворена мултинационалната воена вежба „Брз одговор 23“. Пред стројот на учесниците на вежбата се обрати офицерот со примарна одговорност на вежбата, потполковник Јонче Лазаревски, кој истакна дека е задоволен од залагањето на сите учесници на вежбата. Од негова страна им беше одадено признание на учесниците на вежбата за вложениот труд, напор и ентузијазам и вежбата официјално беше прогласена за затворена. Вежбата во потполност ја постигна својата цел: зајакнување на стандардните оперативни процедури на единиците, подобрување на интероперабилноста и унапредување на заемното разбирање и доверба и зајакнување на меѓусебната соработка меѓу земјите учеснички на вежбата.

Ж.Р.






IMMEDIATE RESPONSE





# Германски тенк „Leopard 2A5“

Тенкот „Leopard 2A5“ поседува класична западна конструкција која можеме да ја поделиме на 3 целини и тоа, преден дел во које е управувачката целина и каде е сместен возачот на тенкот, среден дел каде е поставена борбената целина, т.е. трichлената борбена купола и заден дел каде е сместен моторно-трансмисиониот оддел. Телото на тенкот е изработено од повеќеслоен оклоп (челик и композитни материјали). На предниот дел од борбената купола е поставен дополнителен повеќеслоен модуларен оклоп MEXAS, на страните и на кровот од куполата, е поставен дополнителен модуларен оклоп кој е составен од челик со голема тврдина и композитни плочи на база на керамика. На предниот дел од шасијата е поставен дополнителен модуларен оклоп, а на подот се поставени оклопни плочи, со цел заштита од нагазни противтенковски мини. За поголема бочна заштита на страните од шасијата (кај потпорните тркала) се поставени заштитни завеси од кои првите 4 предни се оклопни плочи. Тенкот од секоја страна поседува по 7 дупли потпорни тркала кои имаат независни торзиони осовини. Мрзливците на подвозјето се поставени напред, а погонските тркала се поставени назад, плус од секоја страна се поставени по 4 носачи на гасеници. Широчината на металните гасениците модел Diehl 570 FT изнесува 635 mm и на нив се поставени гумени папучи. Напред десно е сместен возачот на тенкот, а од неговата лева страна е поставен магацинот за 27 гранати за топот. За потребите на возачот вграден е отвор на чиј поклопец се поставени 2 перископи плус 1 лево бочно од отворот, а внатрешно се вградени контролна табла и монитор. На задниот горен дел од шасијата е поставена камера со видно поле од 65°, чија слика се емитува на мониторот од возачот, со цел полесно управување наназад. Во борбената купола од десната страна напред е сместен нишанџијата, а зад него погоре е поставен командирот на тенкот. Од левата страна на куполата е сместен членот за полнење на топот, а зад него има магацин за 15 гранати. За потребите на нишанџијата е вграден стабилизираниот нишански уред EMES 15. Овој модуларен нишански уред поседува интегриран ласерски далечиномер модел CE628 (на база Ng-YAG) и термална нишанска камера модел WBG-X, кои се поврзани со борбениот контролен компјутер на тенкот. Нишанџијата поседува и помошен оптички нишански уред модел FERO Z-18. За потребите на командирот на тенкот, е вграден независен стабилизиран термовизиски перископ модел PERI-R 17 A2 (со можност за зголемување x2 и x8 пати) кој може да се ротира 360°. Перископот овозможува негова дневно/ноќна употреба, а може да се користи и како нишански уред зошто е поврзан со борбениот контролен систем. Инаку сликата од перископот и термалниот нишански уред на нишанџијата може да се емитуваат на дисплејот од командирот, што овозможува командирот и нишанџијата да поседуваат исто видно поле за целите. Интегрираноста на нишанските уреди со уредите за стабилизација на топот и балистичкиот компјутер, овозможуваат брзо и прецисно наведување на топот кон неподвижни и подвижни цели и борбено дејствување врз нив во дневни и ноќни услови. За потребите на полначот на топот на кровот од куполата е вграден отвор околу кој се вградени 2 перископи.



Од друга опрема тенкот „Leopard 2A5“ е опремен со: хибриден навигациски систем составен од инерцијален навигациски систем и GPS, поседува уред за подводно возење, АБХО заштитен систем, автоматски противпожарен систем за детекција и гасење на оган (врз база на халони), уред за греење на екипажот, дигитална комуникациска опрема VHF SEM 80/90 и друго. Борбената купола од оружје е опремена со стабилизираниот топ L44 (Rh 120), со мазна внатрешно хромирана цевка, со калибар од 120 mm. Топот поседува термоизолациона облога, а на средината од цевката е поставен одводник на барутните гасови. Придвижувањето на топот се остварува со помош на уредот WNA-H22. Со ротација на куполата овозможено е дејство на топот од 360°, додека по елевација топот може да се движи од -9° до +20°. Помошното воорјување на тенкот е составено од 2 митралези, со калибар од 7,62 mm. Едниот митралез е коаксијален и е поставен од левата страна на топот, а вториот митралез е поставен на кровот од куполата кај отворот на полначот на топот. За потребите на митралезите тенкот стандардно носи 4750 куршуми. Германската верзија на тенкот, од секоја страна на куполата е опремна со 2x4 лансери на димни гранати DM35, со калибар од 76 mm, од кои може да се лансираат и боеви фрагментациони гранати.
Во задниот дел од конструкцијата е поставен моторно-трансмисиониот оддел со вградениот повеќегоривен турбо мотор MTU MB 873 Ка 501, со моќност од 1500 кс, во комбинација со трансмисија Renk HSWL 354, која поседува 4 брзини за движење напред и 2 за движење на назад.

Ивица Дамески



**Објаснување на пресек сликата**
**Пресек-слика на „Leopard 2A5“, верзија Strv 122**

1. Коаксијален митралез со калибар 7.62 mm
2. Дополнителен модуларен оклоп на борбената купола
3. Примарен нишански перископ EMES 15
4. Командна табла со дисплеј за командирот
5. Отвор за командирот околу кој се вградени 6 дневни перископи од кој предниот може да се замени со термовизиски за ноќни дејства
6. Термовизирски перископ од панорамски тип за командирот PERI-R 17TW
7. Електроника
8. Отвор за полначот на топот
9. Електроника за топот
10. Магацин за 15 гранати во куполата




**11.** Комуникациска антена

**12.** Повеќегоривен турбо мотор MTU MB 873 Ka 501

**13.** Погонско тркало

**14.** Акумулаторски батерии

**15.** Заштитни противкумулативни завеси

**16.** Лансер на димни гранати

**17.** Потпорно тркало

**18.** Систем за ослонување со независни торзиони осовини

**19.** Челични гасеници со гумени папучи

**20.** Странични заштитни оклопни плочи

**21.** Магацин за 27 гранати

**22.** Дополнителен модуларен оклоп за предниот дел од тенкот

**23.** Топ L44 (Rh 120), со калибар од 120 mm

**24.** Референтен сензор на топот

| **Тактичко- технички карактеристики на тенкот Leopard 2A5** | |
|---|---|
| **Екипаж** | 4 |
| **Должина со топот** | 9,97 mm |
| **Должина на телото** | 7,722 mm |
| **Височина** | 2,64 mm |
| **Широчина со страничен оклоп** | 3,75 mm |
| **Клиренс** | 54 sm |
| **Борбена тежина** | до 62,5 тони |
| **Погон** | Повеќегоривен турбо мотор MTU MB 873 Ka 501, со моќност од 1500 кс |
| **Максимална брзина на пат** | 72 km/h |
| **Максимална брзина наназад** | 31 km/h |
| **Капацитет на гориво** | 1160 литри |
| **Автономија на движење** | 500 km на пат |
| **Премин преку ров** | 3 m |
| **Вертикална препрека** | 1,1 m |
| **Преден наклон** | 60% |
| **Бочен наклон** | 30% |
| **Водена препрека** | 1 m (без припрема),<br>4 m (со подготовка) |



# Беспилотно летало „Boeing Insitu RQ-21 Blackjack“

Беспилотниот воздухоплов, дизајниран и произведен од компанијата „Boeing Insitu“ (подружница во целосна сопственост на „Boeing“) е познат под името „Integrator“, дизајниран и изграден за да ги исполни барањата на морнарицата и маринците на САД за мал тактички воздушен систем без екипаж (Small Tactical Unmanned Air System - STUAS).

„Boeing Insitu“ примарно се употребува за поддршка на мисиите и за покривање на дневно и ноќно разузнавање, надзор и извидување. Оваа рекордна програма бил првиот органски и посветен мултиразузнавачки систем за беспилотни авиони за потребите на тактичките команданти. Беспилотното летало „RQ-21A Integrator“ за првпат полета на 28 јули 2012 година, во лет за тестирање, каде морнарицата го лансирала со систем познат како Skyhook (тип на воздушен лансер). Овој систем ја елиминирал потребата од писти со зачувување на својата оперативност и способност за тактички мисии на копно или море. Во септември 2013 година, „RQ-21A Integrator“ бил преименуван во „RQ-21A Blackjack“. Во службата за леталото понекогаш се користи ознаката MQ-21, каде што префиксот „M“ означува повеќенаменска оперативна платформа (Multirole), наспроти префиксот „R“ што укажува на примарна мисија за извидување (Reconnaissance). Поддржувајќи тактички операции на копно и на море бидејќи не му е потребна писта за слетување, RQ-21A Blackjack е приспособен за извршување на неколку различни мисии: пребарување и спасување, одговор и поддршка при катастрофи, заштита на силите, следење на цели, проценка на штета од војувањето, гранична безбедност, заштита на критична инфраструктура, точка за пренос на комуникации, борба против пиратството и други.

**Развој**

После завршување на летовите и тестирањето на копно, „RQ-21A Integrator“ го завршил својот прв лет над водена површина (лансиран од брод). На 19 февруари 2013 година, „Boeing Insitu“ го завршил првиот лет на леталото кое било со помала тежина од само 55 килограми, а со вкупно времетраење на летот од 2 часа. Камерата за дневно-ноќно снимање може да постигне солиден рејтинг на резолуцијата. Леталото е управувано од нов систем за контрола наменет за интегрирање на различни системи за UAV. Оваа варијанта (Block II) го има сензорот од „Nighteagle“, ноќната верзија на „ScanEagle“ и воедно е дизајниран да работи во средини со висока температура. Во текот на оваа фаза на тестирање требало да бидат потврдени ажурирањата направени на леталото кои вклучуваат софтвер, подобрувања на трупот и измени во системот за снимање. Интегрираниот оперативен тест и евалуација биле закажани за текот на октомври 2013 година. Тестирањето било спроведено во текот на следните неколку месеци за да се покаже ефикасноста во реални борбени услови. Потоа Одделот за морнарица објавил дека „RQ-21A Integrator“ добил одобрение за почетно производство со планови за негово идно распоредување. Американската морнарица ѝ доделила на компанијата „Boeing Insitu“ договор од 8,8 милиони долари, како цена за произведено



беспилотно летало. Во јули 2018 година, маринците постепено го замениле беспилотното летало „RQ-7 Shadow“ во корист на „RQ-21A Blackjack“.

**Функционирање на системот**

Леталото ги поседува следните карактеристики: распон на крила од 4,8 метри, а должината изнесува 2,5 метри. Неговата тежина е 37 килограми, максималната тежина на полетување е 61 килограм и може да носи товар од 18 килограми. Максималната брзина изнесува 170 км/час, со времетраење на летот од 16+ часа дневно (во зависност од конфигурацијата) и плафон на лет од 6100 метри. Електрооптичките и инфрацрвените системи поддржуваат следење во реално време за да се обезбедат индикации и предупредувања за закани. Опсегот на видното поле изнесува 102 километри. Системот „RQ-21A“ е модуларен и флексибилен, а неговата отворена архитектура дозволува адаптација на комуникациските системи, системите за електронско војување и други алатки за исклучителна свесност за ситуацијата и тактичката искористеност во оперативните средини.

Беспилотно летало „RQ-21A Blackjack“ е дизајнирано да ги поддржи американските маринци преку обезбедување напредно извидување. Малиот тактички беспилотен систем, обезбедува безбедност и поддршка на најкритичните операции. Овој систем е составен од пет воздухоплови, два системи за контрола на земјата и опрема за поддршка за лансирањето. Воздушните летала може да се лансираат на копно или на брод со шина и забрзување. Маринскиот корпус соработува со „Insitu“ за да го модифицираат трупот на беспилотното летало, за да може да носи поголем и различен товар. Зголемувањето на трупот ќе ја зголеми неговата максимална тежина на полетување од околу 66 килограми и ќе ја продолжи издржливоста од 16 часа на 24 часа летање. Се истражуваат нови одбранбени системи, вклучително и радар за следење на копнените цели, ласерско означување цели за прецизно наведувана муниција, приемници на системот за автоматска идентификација и камера со повисока резолуција.

Маринскиот корпус на САД за првпат го распоредил првиот „RQ-21A Blackjack“ систем во Авганистан во текот на 2014 година. Се вратил од своето распоредување откако поминал речиси 1000 часови налет. Моделите во Авганистан биле беспилотни системи кои постигнале рана оперативна способност без софтвер или тестирање на брод и водена површина. Нивното распоредување имало метод за рано откривање и поправање на недостатоците. Овие искористени летала продолжиле да се користат за обука. Извештајот за 2015 година покажува дека многу од недостатоците на системот не биле решени со наведување дека RQ-21A „не е оперативно ефикасен“, „не е оперативно погоден“ и дека „системот има ранливости од аспект на сајбер- безбедноста“.

Маринскиот корпус прогласил иницијална оперативна способност за „RQ-21A Blackjack“ во јануари 2016 година и истата година го распоределе системот во Ирак. Во таа насока и со дополнителен ангажман, била постигната и целосната оперативна способност во 2019 година. Во март 2020 година, тимот на „RQ-21A Blackjack“ ја добил наградата NAVAIR Commander’s Award for Platform Team With Highest Readiness.

Драган Павловски





# „АТОМ“ – тешко борбено возило на пешадијата

„АТОМ“ е борбено возило на пешадијата (БМП) на тркала, од тешка категорија, заеднички развиено од страна на „JSC Central Research Institute Burevestnik“ (оддел на Уралвагонзавод) од Русија и „Renault Trucks Defense (RTD)“ од Франција.

Прототипот „ATOM IFV“ беше претставен на руската изложба на вооружување „Russian Arms Expo – (RAE)“, одржана во Нижни Тагил во септември 2013 година. Моделот на возилото во целосен обем беше прикажан на меѓународната изложба „KADEX-2014“ во мај 2014 година. Шасијата на возилото „ATOM IFV“ се заснова на основата на шасијата на возилото „VBCI IFV“, варијанта 8×8, произведен заеднички од страна на компаниите „Nexter Systems“ и „Renault Trucks Defense“. Борбеното возило „АТОМ“ располага со целосно заварен труп со модуларни оклопни плочи. Системите за пренос, моторот и системот за контрола на огнот на возилото ги дизајнираше компанијата „Renault“, додека системот за вооружување е развиен од страна на компанијата „UralVagonZavod“. Неговата кабина нуди простор од 10,7 m³ за сместување на тројца членови на екипажот, како и простор за транспорт до осум војници заедно со нивната опрема. Борбеното возило, со цел овозможување брз влез и излез има една задна рампа и четири отвори на кровот на возилото. Борбеното возило е дизајнирано да обезбеди транспорт за моторизирани пешадиски состави за време на борбени мисии на боиштата. Возилото може да се приспособи за да биде погодно за распоредување во различни операции. Достапно е во различни варијанти, вклучувајќи транспортно возило за војници, борбено возило на пешадијата, амбулантно возило, возило за извлекување и оклопно полициско возило. Надворешните димензии на возилото вклучуваат должина од 8,2 метри, висина од 3 метри и ширина од 2,5 метри. Борбената тежина на возилото е 32 тони, а максималната носивост е 7 тони.

**Вооружување на борбените возила „АТОМ“**

Борбеното возило „ATOM IFV“ е опремено со беспилотна купола (unmanned), вооружена со автоматски топ од 57 мм, кој е способен да совладува лесни оклопни цели, онеспособување на екипажите на противтенковски наведувани ракети (ATGM) и нишанџии на лансери на противтенковски гранати (ATGL), како и воздушни цели, вклучително





беспилотни летала – UAV, прецизно наведувана муниција, авиони и хеликоптери.Како дополнително вооружување на борбеното возило е коаксијален митралез 7,62 мм. Системот за вооружување има ефективен опсег на гаѓање од 6 километри и брзина на стрелање која се движи помеѓу 120 и 140 куршуми во минута. Времето потребно за промена на типот на муниција е една до три секунди. Куполата има капацитет за складирање муниција што се движи помеѓу 180 и 200 куршуми и е подготвена за испукување до 100 куршуми во минута.

**Преживување на борбените возила „АТОМ“**

Борбеното возило „АТОМ“ нуди балистичка заштита до ниво 5, во согласност со НАТО STANAG 4569. Опремен е со реактивен оклоп и оклоп за заштита од проектили од 25 mm. Дополнително, може да биде опремен со систем за активна заштита, систем за ласерско предупредување и систем за хемиска, биолошка, радиолошка и нуклеарна (CBRN) заштита од оружје за масовно уништување.

**Мотор и мобилност на тешкото борбено возило на пешадијата**

Борбеното возило „АТОМ“ е придвижувано од висок моќен „RENAULT“ дизел-мотор со моќност од 600 hp. Се одликува со автоматски менувач и трансмисија опремена со независна суспензија. Борбеното возило се движи во вода со пар пропелери поставени на страните на задниот дел од трупот на возилото. Има максимална брзина од 100 км/ч (62 милји на час) и автономија на опсег од 750 км, со клиренс од 600 мм (24 инчи) и располага со вметнувачи на гумите „run-flat“. Возилото може да се транспортира по воздушен пат со помош на авионот „Ил-76“.

| Останатите спецификации на борбеното возило  АТОМ“ се: | |
|---|---|
| Тип на возило | борбено возило на пешадијата |
| Производител | „JSC Central Research Institute Burevestnik“ и „Renault Trucks Defense (RTD)“ |
| Должина | 8,2 метри |
| Широчина | 3 метри |
| Висина | 2,5 метри |
| Тежина | 31 тон |
| Јачина на мотор | 600 hp |
| Посада | 3+8 |
| Вооружување | автоматски топ 57 mm BM 57 |
| Автономија на опсег | 750 km |
| Растојание од патот (ground clearance) | 600 мм |
| Максимална брзина на пат | 100 km/h |
| Совладување на наклон | 60% |
| Совладување на страничен наклон | 30% |
| Совладување на вертикални пречки | 0,7 метри |
| Совладување на ров | 2 метри |

**Варијанти**

Името на основната верзија на возилото е „АТОМ“, а постојат следните варијанти на возилото:
- „АТОМ IFV“ (Infantry Fighting Vehicle) - борбено возило на пешадијата;
- „АТОМ APC “- возило за транспорт на пешадијата;
- ATOM MORT - носач на МФ 120 мм;
- ATOM ATGM - носач на против тенковски наведувани проектили;
- ATOM AMB - амбулантно возило;
- ATOM ENG - инжинериско возило;
- ATOM POL - возило за сузбивање на толпа.

Како единствен оператор на овој тип возила е Армијата на Руската Федерација со непознат број на возила. Сепак, иднината на борбеното возило „АТОМ“ е неизвесна. Европската Унија и САД воведоа санкции за компанијата „Уралвагонзавод“ поради воените дејства на Русија во Украина. Исто така, шведската компанија „Volvo“, сопственик на моторот, одлучи да го откаже своето учество во проектот.

Идриз Идризоски




# „Kawanishi H8K“

За време на Втората светска војна, иновативноста во технологијата, пред сè во воено-одбранбената индустрија се развивала со рекордна брзина. Покрај развојот на многу различни и нови начини на војување, доктрини, стратегии и тактики, нацииите биле сведоци на развој и примена на нови борбени средства на бојното поле кои дотогаш не биле забележани или пак биле во сенка. Како едно такво ново иновативно борбено средство бил јапонскиот „летечки брод“ наречен „Kawanishi H8K“

Со огромните подвизи и освојувања од страна на Јапонските вооружени сили во раниот период од Втората светска војна, настанала и потребата за брзо и ефективно логистичко, но и човечко снабдување на своите сили, пред сè на Пацификот. Бродското снабдување било ефективно, но било споро и премногу изложено на подморнички, бродски и воздушни удари од непријателот. Затоа јапонскиот воен врв идентификувал потреба од нов начин на доставување ресурси на илјадниците мали острови лоцирани на Пацифичкиот Океан, каде јапонските вооружени сили полека но сигурно воспоставувале целосна контрола. „H8K“ бил совршениот одговор за задоволување на потребите на јапонските поморско-островски операции. Авионот бил идентификуван како еден од најдобрите хидроавиони за време на Втората светска војна, со импресивни карактерискити на носивост, вооружување, оперативен дострел, адаптабилност и извршување на борбени операции од различен карактер. Со појавата на неговиот претходник, произведен исто од компанијата „Kawanishi“, воздухопловот „H6K“, кој бил помал во својата големина и ограничен во своите способности, Јапонската морнарица издала насоки за изградба на голем хидроавион, со драстично поголема палета на способности од „H6K“. Авионот требало да достигнува максимална брзина од 444 км на час, крстаречка брзина од 333 км на час и максимален дострел од 8336 км. Конечниот резултат и ефект од насоките, бил голем, висококрилен дизајн кој бил идетификуван од страна на воените експерти како најдобар хидроавион за време на Втората светска војна. Имено, иницијалниот развој на авионот бил прилично проблематичен. Воздухопловот демонстрирал многу лоши способности и перформасни на вода. Со натамошен развој, кој подразбирал продлабочување на централната воздушна конструкција, односно зголемување во длабина, како и поставувањето на стрии кои започнувале од носниот дел на конструкцијата на авионот, кои го решиле, односно придонеле за одлично справување со брановите, а со тоа и во однесувањето на авионот на водна површина. По иницијалните прифатливи демонстративни летови, Јапонската морнарица решила да го прифати дизајнот со официјално назначување на првото сериско производство на воздухопловот „H8K1“. Првото производство броело 14 воздухоплви, по кое следела усовршена и конечна варијанта позната под името „Kawanishi H8K2“. Набргу сојузничките пилоти му го security доделиле прекарот „Емили“ со цел поедноставно распознавање и идентификација меѓу сојузничките вооружени сили. „H8K2“ имал импресивна

брзина и оперативен дострел, но пред сè за неговата улога и големина, авионот имал одлична заштита за посадата, како и одлично вооружување. Неговите офанзивни карактеристики биле многу успешно изразени во противподморнички оперативни дејства. Дизајнот на авионот подразбирал локација на пилотската кабина во носниот дел од воздушната конструкција – високо поставена пред коренот на крилата кои биле исто така високо поставени на воздушната конструкција. Неговата придвижувачка моќ била повеќе од доволна, составена од четири мотори „Mitsubishi MK4Q Kasei 22“ кои имале способност да развијат по 1850 коњски сили посебно. Секој мотор придвижувал пропелер конструиран од четири перки. Способноста за обезбедување на голем оперативен дострел била овозможена од осум мали незаштитени резервоари за гориво лоцирани во крилата и шест големи делумно заштитетни и самозапечатувачки за гориво лоцирани во централната воздушна конструкција. Имено, „H8K2“ располагал со иновативен инертен систем во случај на оган при оштетување на резервоарите лоцирани во централната воздушна конструкција. Авионот поседувал уште една уникатна карактеристика. Во случај ако некој од резервоарите лоцирани во воздушната конструкција бил погоден, горивото се цедело на дното од подот на авионот, кое пак со помош на пумпа се вбризгувало во неоштетените резервоари на авионот. Воздухопловот имал импресивна носивост на гориво од 17 000 л. Што се однесува до вооружувањето на авионот, протитпот бил конструиран со тешко вооружување составено од три митралези со калибар од 7,7 мм и пет топа со калибар од 20 мм. Вооружувањето на „H8K1“ било составено од два топа со калибар од 20 мм, еден лоциран во куполата на грбниот заден дел од воздушната констуркција и еден лоциран во опашот на авионот. Дополнителни четири митралези со калибар од 7,7 мм биле интегрирани во носниот дел и страничните делови од воздушната конструкција. Воздухопловот имал способност да носи две торпеда од по 800 кг и шеснаесет бомби од по 60 кг. Сите овие карактеристики и способности биле префрлени на дефинитивната варијанта „H8K2“, која имала и дополнителни два митралези со калибар од 7,7мм лоцирани на страните од пилотскиот кокпит. Во втората половина на Втората светска војна, „H8K2“ бил модификуван со цел вградување на радар „Mark VI“ кој можел да детектира подморници и исто така добил драстично поголема количина на оклопна заштита. Овие модификации го направиле авионот еден од најтешките воздухоплови за соборување од страна на сојузничките пилоти. Неговите одлични карактерисики и мултиполарен карактер кој овозможувал изведување на различни борбени оперативни дејствија како поморска патрола, поморско извидување, бомбардирање, логистички оперативни дејствија, како и транспортирање на пешадија до скоро секоја точка на Пацификот. Имено, кога бил употребуван во улогата на транспортер, авионот имал

| Главни карактеристики на „Kawanishi H8K2“ | |
|---|---|
| **Посада** | 10 |
| **Должина** | 28,13 метри |
| **Распон на крила** | 38 метри |
| **Мотор** | Четири „звезда“ мотори „Mitshubushi MK4Q Kasei 22“ со по 14 цилиндри и способност за развивање на 1850 коњски сили. Моторот бил на воздушно ладење. |
| **Максимална брзина** | 467 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 7152 километри |
| **Максимална висина на летање** | 8850 метри |
| **Вооружување** | Пет топа „Type 99 Mark I“ со калибар од 20 милиметри и пет митралези со калибар од 7,7 милиметри.<br>Капацитет за носивост од две торпеда со тежина од по 800 килограми или 2000 килограми на бомби или подводни мини. |






капацитет за пренесување на 64 војници во полна борбена готовност. Сестраноста на авионот, неговите импресивни карактеристики на обемност во секоја сфера значително придонесувале кон јапонските подвизи на Пацификот. Можеби единствениот недостаток на авионот бил неговата мала бројка на сериско производство. Енигмата зошто овој воздухоплов бил произведен во мала бројка останува до ден-денес. Иако неговата изработка подразбирала фокусирање и побарувачка на голем број на ресурси, тоа не било вистинската причина, бидејќи во раниот период на војната Јапонија била во целосна предност и ја држела иницијативата. Јапонските вооружени сили, по нападот на Перл Харбор, планирано ги окупирале и утврдиле најважните стратешки локации во Пацификот, богати со руда и ресурси неопходни за одржување на јапонската воена индустрија. Без разлика на исходот, Јапонија го произвела еден од најдобрите хидроавиони во историјата на авијацијата. Многу од воените експерти делеле мислење дека авионот можел да се инкорпрорира во изведба на современи десантни тактички операции, кои драстично би го промениле исходот на одредени битки во Втората светска војна.

**Варијанти**

Воздухопловот „H8K“ имал неколку прототипови, но и неколку нацрти кои се случиле при крајот на војната, и не биле остварени. Подолу ќе ги спомeнеме варијантите кои биле во активно сериско производство за време на Втората светска војна.

**„H8K1 Type 2 Flying Boat, Model 11“**

Оваа варијанта била развиена на 5 февруари 1942 година, и била првиот оперативен модел. Биле произведени 12 примероци. Авионите биле придвижувани од мотори „Mitshubushi MK4B Kasei 12“.

**„H8K1-L Type 2 Transport Flying Boat“**

Оваа варијанта била модифицирана со исклучителна намена за транспорт на пешадија со капацитет до 41 војник.

**„H8K2 Type 2 Flying Boat, Model 12“**

Дефинитивна варијанта на „H8K“ која била развиена на 26 јуни 1944 година. Била придвижувана од мотори „Mitshubushi MK4Q Kasei 22“. Пирмероците произведени пред крајот на војната биле опремени и со воздух-земја радарски систем. Биле произведени 112 примероци.

**„H8K2-L, Model 32“**

Оваа варијанта била верзијата на транспортер на „H8K2“. Вооружувањето било модифицирано со конфигурација од еден топ со калибар од 20 мм, лоциран во носниот дел од воздушната конструкција и еден митралез со калибар од 13 мм, лоциран во опашот на авионот. Капацитетот на носивост на пешадија во полна борбена готовност бил до 63 војници.

Димитар Даневски





Ракетниот лансирен систем M142 „HIMARS“ (High Mobility Artillery Rocket System) е високомобилен артилериски систем на копнената артилерија со кој што се остваруваат силни, изненадувачки и брзи огнени удари по цели од голема важност и големи димензии, на копно и на вода

# Ракетен лансирен систем M142 „HIMARS“

Ракетниот лансирен систем M142 „HIMARS“ е наменет за: уништување и онеспособување на непријателска жива сила (засолнета и незасолнета) на отворен простор во: реоните на собирање, на позициите за дејство и попречување на брзи непријателски продори; уништување и онеспособување на материјални средства на отворен простор во реоните на собирање, на позициите за дејство; неутрализирање или уништување на непријателска артилерија на огнени позиции; неутрализирање на воздушни и поморски десанти; неутрализирање или уништување на непријателски командни места и центри за врски во границите на дометот.
Ракетниот систем за прв пат е развиен во доцните 1990-ти години за Армијата на САД и е монтиран на стандарден носач, односно платформа од класата на средни тактички возила FMTV (Family of Medium tactical Vehicles). Системот може да носи, односно да биде опремен со еден сет од 6 ракети GMLS (Guided Multiple Launch Rocket System) или 1 ракета ATACMS (Army tactical missile system). Сетовите, односно ракетите за HIMARS се целосно компатибилни со ракетите за ракетниот систем M270 MLRS. Ракетниот систем може да се транспортира по воздушен пат со воздухоплови од типот: „Airbus A400M Atlas“ и „Lockheed C-130 Hercules“. Возилото на ракетниот систем иницијално било произведувано од BAE Systems за подоцна во периодот од 2010 до 2017 година да биде дел од производствените капацитети на корпорацијата „Oshkosh“. Користењето на овој ракетен систем за време на Руско-украинската војна повторно ги рестартира производствените капацитети.
Развојот на системот започнува со тестирањето на првиот прототип на „HIMARS“, кој за прв пат е тестиран во април 1991 година во САД. На почетокот во оперативна употреба влегува системот M270 MLRS кој е верзија која се движи на гасеници. Употребата на овој систем во Заливската војна отвора многу дополнителни прашања како во однос на тежината така и во однос на транспортот на системот на големи растојанија по воздушен пат. Развојот потикнат од тие прашања продолжува во текот на годините кои следат.
Дизајнот на „HIMARS“ е сличен со системот „M270 MLRS“ со тоа што системот „HIMARS“ е варијанта на тркала. Ракетите од типот PrSM (Precision Strike Missile) се нов тип на GPS (Global Positioning System) наведувани ракети кои ќе почнат да ги заменуваат ракетите „ATACMS“ во текот на 2024 година. Системот користи и други типови на ракети кои се прикажани на дадената слика. Во текот на 2023 година овие ракети ќе влезат во оперативна употреба во Армијата на САД.

Славчо Кузманоски

| ТАКТИЧКО – ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА M142 „HIMARS“ | | |
|---|---|---|
| Број на цевки/ракети | 6 x GMLRS<br>1 x ATACMS<br>2 x PrSM | |
| Калибар | GMLRS – 227 мм<br>ATACMS – 610 мм<br>PrSM – 610 мм | |
| Дострел | GMLRS - 84 км<br>ATACMS - 300 км<br>PrSM - 499 км | |
| Муниција | GMLRS (Guided multiple launch rocket system)<br>ATACMS (Army tactical missile system)<br>PrSM (Precision strike missile) | |
| Тежина | 16 250 kg | |
| Должина во маршевска положба | 7000 mm | |
| Ширина во маршевска положба | 2400 mm | |
| Висина во маршевска положба | 3200 mm | |
| Послуга | 3 | |
| Хоризонтално поле на дејство | 360 степени | |
| Сигурносно дејство на ракетата | од - 30 до + 45 степени | |
| Брзина на движење | на асвалтен пат | до 85 km/h |
| | теренски услови | од 30 до 50 km/h |
| Автономија на м/в | 480 km | |
| Тип на мотор | Caterpillar 3116 ATAAC 6.6 литарски дизел мотор со 290 коњски сили | |




# Како ќе изгледа автоматската пушка во иднина

Автоматската пушка е личното оружје на секој војник што го придружува и во војна и на вежба, 24 часа на ден, 7 дена во неделата

Од Првата светска војна, пушката и вештините на обичните стрелци веќе не биле одлучувачки за исходот на војната. Во конфликтот на држави, како што покажуваат настаните, на пример, во Украина, главната улога ја игра масовната употреба на современата технологија, како беспилотните летала и способноста да се брани од нив. Зошто тогаш се посветува толку многу внимание на квалитетите на индивидуалното оружје? Затоа што исходот од малите судири што се случуваат без употреба на системи на тешко вооружување зависи од ова оружје и способноста на борците да ракуваат со него. Сепак, сѐ почесто може да се слушне тврдење дека крајот на автоматската пушка е близу, бидејќи роботите и напредната технологија сѐ повеќе доминираат на бојното поле. Можеби, но дали навистина е така? Како таа ќе изгледа и каква ќе биде нејзината идна форма е интересно прашање. Некои аналитичари предвидуваат дека ќе има голем скок напред во технологијата на пушките што ќе ги направи сегашните модели веднаш застарени. Но, тоа, сепак, не е толку сигурно. Во поголемиот дел од историјата на пушката, промените биле мали и постепени, најмногу поради тоа што вистинските технолошки револуции се прилично ретки, но исто така и затоа што старата, испробана и вистинска технологија функционира, додека светкавите, нови работи најчесто не се доволно долго тестирани на терен. Што ќе ги замени автоматските пушки кои денес се во употреба во армиите ширум светот и како ќе изгледа автоматската пушка во иднина? Во споредба со молневитиот развој на науката и технологијата, може да се каже дека денешното автоматското стрелечко оружје во светот е целосно застарено. Да се потсетиме дека вистинската автоматска пушка се појавила во Германија за време на Втората светска војна. Првото оружје од оваа класа била пушката „Stgw 44“. Германците биле соочени со задача да создадат релативно лесно и компактно автоматско оружје, кое требало да стане масивно пешадиско оружје, со цел да обезбеди уништување на точкести цели со единечни истрели, но и да овозможува сузбивачки автоматски оган, односно да стане еден вид „митралез за секого“. Автоматската пушка „калашников“ со помали модификации се користи од 1947 г., американската автоматска пушка на платформата AR-15 се користи од 1960-тите, а тоа се двете основни платформи со кои се вооружени армиите ширум светот. Американскиот пиштол „колт 1911“ е во арсеналот на американската армија од 1911 г., митралезот „браунинг“ од 1919 итн. И тоа воопшто не е целосниот список со такви примери. Стрелечкото оружје застарува, а тоа е особено впечатливо кога ќе се спореди со авијацијата која за 100 години доживеа неверојатен технолошки напредок. По еден век развој, авионите сега летаат во поблиската вселена и уништуваат цели оддалечени стотици километри, додека автоматската пушка го користи истиот куршум што го користела пред сто или повеќе години. Нов калибар за автоматска пушка

беше проектиран кон крајот на 2010, но ниту една земја не премина на масовно производство на ново оружје и на модернизација на својата армија. Зошто? Американците пресметаа колку ќе чини да се снабди целата армија со нови автоматски пушки и нова муниција и да се наполнат магацините. Излезе дека од тие пари може да се направат неколку носачи на авиони. И тогаш се запрашаа дали баш сега е толку потребена нова автоматска пушка? Војните во 21 век се краткотрајни и повеќе не се одвиваат според шаблоните на Втората светска војна, со линија на фронтот долга неколку десетици, па дури и стотици километри, и повеќе не се судираат на бојното поле војски кои бројат илјадници војници. Војните на 21 век се водат од единици за специјални намени и тоа во непријателската позадина. Ако наскоро биде направена нова автоматска пушка, таа нема да биде пуштена во масовно производство, туку ќе се произведува само за специјалните сили. За сите други задачи засега се доволни постојните автоматски пушки, со оглед на тоа дека вооружувањето на целосна армија е прескапо.

Но, каква автоматска пушка би можела да се појави во наредните десетина години? За што треба да биде способна современата пешадиска пушка? Дизајнот на оружјето игра важна улога: таа мора да биде ергономска, прецизна, доверлива и, до одреден степен, модуларна. Пред сè, нејзината прецизност треба да обезбеди уништување на цели на растојание од 500 метри, вклучително и со автоматски оган. Нејзината муниција мора да има доволно моќ и во исто време да обезбеди контрола на оружјето при пукање со рафали. Неопходен атрибут на современото оружје е придушувач од затворен тип, кој ја подобрува контролата на оружјето, отежнува непријателот да го открие стрелецот, не им штети на слушните органи на другите и ја олеснува комуникацијата во битка. Квалитети на оружјето се доверливоста и отпорноста на загадување и на суровите еколошки услови.

Наспроти разбирањето дека пушката мора да биде доверлива, прецизна и модуларна, прашањето за леснотијата на користење често останува во втор план. Тоа не е ниту главна тема на официјалната дебата, ниту одлучувачки аргумент при одлучувањето дали да се усвои одреден модел. Всушност, практичноста е една од најважните квалитети на оружјето. Тоа е тесно поврзано со условите во кои се користи оружјето. Војникот мора самоуверено да го користи своето оружје во тешки природни услови, во состојба на



Автоматската пушка во моментов не одлучува за исходот на војните, но сепак, нејзината улога не треба да се потцени. Таа е постојан придружник и последна шанса за војниците кои се борат директно на фронтот. Затоа, одговорните за снабдување на вооружените сили и воената индустрија се должни да им обезбедат на борците доверлива и добро дизајнирана алатка

физички и морален замор, под оган на непријателот, па дури и да биде ранет. Ова е прашање на живот и смрт. Војникот и во мирно време, за време на вежби, со недели не се разделува со пушката. Затоа малата тежина и димензии, леснотијата на расклопување и чистење се од огромно значење. Покрај тоа, овие квалитети го намалуваат времето потребно за обука на нови регрути. Добра помош за постигнување погодност за корисникот е „принципот KISS“ формулиран од главниот инженер на „Lockheed Martin Skunk Works“, Кели Џонсон. Во оригиналот тоа значи: KISS - Keep it simple stupid, што грубо може да се преведе како „справи за будали“ – нема потреба од непотребна сложеност. Така на пример, системот AR, може да се смета за пример за прекршување на овој принцип, додека системот АК-47 е пример за принципот KISS.

Идната пушка ќе биде полесна. Намалувањето на вкупната тежина на оружјето во однос на веројатноста дека истото ќе продолжи да функционира и покрај грубата употреба и разните влијанија продолжува да претставува загатка за производителите на оружје. Со употреба на полесни материјали се зголемува ризикот оружјето полесно да се оштети, да се намали брзината на оган или да се зголеми повратниот удар. Во оваа ера на светски програми за трансформација на сегашните војници во воини на иднината, постигнувањето на оваа рамнотежа за многу армии е одлучувачки фактор, но и понатаму војникот може да носи ограничена тежина, најмногу 20-30 кг. Сега се прават обиди да се зголеми можноста војникот да носи поголема тежина со помош на егзоскелети, роботи-носачи итн., но сите тие експерименти засега не вродуваат со плод. Затоа, конструкторите се борат за секој грам кога конструираат стрелечко оружје и се обидуваат да ја намалат тежината со помош на композитни материјали и полимери. Новите материјали не влијаат негативно на карактеристиките на оружјето, бидејќи сега многу полимери и пластични маси според квалитетот го надминуваат металот. Некои пак се фокусираат на намалување на тежината на додатоците и тежината на батериите. Тежината на дополнителната опрема како што се нишани, шини, биподи и други додатоци може постепено да се намалува, а идните решенија ќе се однесуваат на главните компоненти, како што се цевката и затворачот.

Покрај помалата тежина, новата автоматска пушка ќе биде и попрецизна. Преместувајќи се од борба во непосредна близина на борба на поголеми далечини, потребата да се биде во можност да се одржи прецизно ангажирање претставува клучен услов. Повеќето армии имаат назначен стрелец со соодветно оружје






за да се борат против неможноста на стандардното огнено оружја да досегне до поголеми растојанија доволно прецизно. Прецизноста на пушката ќе може да се подобри со подобрување на квалитетот и должината на цевката, но тоа е скап процес. Наместо тоа, повеќето армии набавуваат напредни системи за контрола на огнот за пушката да работи што е можно попрецизно.
Подобрената издржливост на материјалот што се користи може да го продолжи животниот век на цевката, или со други зборови, може да го одложи времето потребно за еродирање на цевката поради продолжена употреба, абразија и топлина или хемиски фактори. Исто така, висококвалитетните алатки за чистење се задолжителни за корисниците за да се осигураат дека внатрешната површина на пушката е чиста, за да има што помалку оштетување со текот на времето.
Сè поквалитетните и попрецизните нишани исто така носат значителни подобрувања на прецизноста со обезбедување на пошироки агли на гледање, олеснување за очите и висока резолуција при услови на слаба осветленост, како и многу други корисни опции. За таа цел во неа ќе бидат вградени нови нишански уреди кои на стрелецот ќе му овозможат на екранот на своите очила да го гледа нишанот како во компјутерска игра, т.е. како црвена точка во центарот на екранот. Веќе се експериментира во таа насока, иако досега таквите технологии сè уште масовно не се воведуваат во армиите.
Новото оружје ќе добие и нова муниција. Тежината на огненото оружје не е единствената грижа. На тежината на муницијата исто така треба да се обрне внимание, бидејќи муницијата никогаш не е доволна. Сепак, полесната муниција очигледно значи дека нејзината моќ за запирање често е жртвувана. Муницијата од 5,56 мм не го оптоварува многу војникот, но е малку корисна на поголеми растојанија. Во меѓувреме, муницијата 7,62 мм е поефиксна но и потешка. Прашањето за тоа каде лежи рамнотежата е старо, но сè уште нема решение.
Модуларните решенија со повеќе различни калибри доаѓаат во прв план. Некои армии, на пример, планираат да лансираат подобрена модуларна стандардна пушка која ги вклучува и калибрите 5,56 мм и 7,62 мм. Во меѓувреме, се појави муниција во калибар 6,8 мм за специјалните сили на САД и Грендел од 6,5 мм, која може да се пофали со порамна траекторија и задржува поголема енергија на подолги растојанија. НАТО исто така продолжува да ја разгледува можноста за куршум од среден калибар за надминување на проблемот со муницијата во два стандардни калибри.
Новото оружје ќе бара и нова, современа обука. Целосното подготвување на корисникот и оружјето што го носи е исто толку од витално значење за современите војски како и технологијата што е достапна. Денешните вооружени сили се приближуваат до форматот „војник како систем“, во кој човечкиот елемент е тесно интегриран со опремата, со што потребата за блискост и моментално одлучување станува од огромно значење. Тренингот со боева муниција е најчестиот метод за доведување на војникот до врвна обученост и тој постои онолку долго колку што постои огненото оружје. Симулираната обука на војникот сега влегува во стандардните програми за обука, нудејќи ги придобивките што синтетичката средина веќе ги обезбедува на воениот пилот или операторот на возилото. Денес, се нуди симулирана обука која вклучува инструктор, дефинирани атрибути и променливи, па дури и графички анимации за правилно да ги навикнат војниците на реалноста на боиштето.
Ваквата обука често се интегрира со други високоразвиени софтверски пакети, кои можат да се направат лесно мобилни, со што се намалува и потребата за голем отворен простор.
Ако пак зборуваме за малку подалечната иднина, т.е. за периодот што ќе настапи за 20-30 години, може да се случи стрелечкото оружје целосно да исчезне, барем во оној вид на кој сме навикнати. Ќе биде заменето со минијатурни дронови со помала количина на експлозивна материја кои како куршум летаат кон непријателот и експлодираат во контакт со него. Постои веројатност за 30 години војникот да се претвори во оператор на дронови и високо софистицирани роботи. Тоа е идеалната слика кон која ќе се стремат сите армии на светот – целосно да се отстрани човекот од бојното поле и целосно да биде заменет со уреди.

Александар Стојчевски





Раде Јовчевски–Корчагин бил македонски комунист, учесник во Народноослободителната војна и македонски народен херој.

# Раде Јовчевски-Корчагин

Раде Јовчевски бил роден на 14 август 1919 г. во Скопје во скромно занаетчиско семејство. Неговиот татко Коста бил познат скопски чевлар. Основно образование започнал во месното скопско училиште и бил солиден ученик. Иако Раде сакал да го продолжи образованието, поради сиромаштија тоа не му било овозможено и морал да изучува занает. Во 1933 г. почнал да посетува училиште за трговска младина како кожарски работник, но откако завршил со обуката тој не нашол работа во Скопје. Поради тоа, Раде заминал за Белград. Таму нашол работа според занаетот и се зачленил во кожарскиот и крзнениот синдикат. Тогаш се стекнал и со прекарот „Корчагин", по јунакот во романот „Како се калеше челикот" од Николај Островски. Бидејќи се покажал како вреден и одлучен човек, бил назначен за секретар на синдикатот во 1938 г., а веќе во 1939 г. станал и член на КП на Југославија. Во Белград, од страна на полициските служби, Раде Јовчевски бил регистриран како Раде Јовчевиќ, кожарски работник од Скопје. Поради неговите идеали и делувања, Раде Јовчевски не бил пожелен од страна на властите и истите наредиле да се врати во Скопје. Кога се вратил во Скопје, станал член на Урсовиот синдикат и успешно организирал десетина масовни излети на Водно, на Матка и други околни места. Излетот во Катланово бил најпосетен од работниците, но бил тајно организиран, така што полицијата не разбрала ништо што било зборувано или правено на тој настан. Челниците и раководителите на КПЈ имале голема доверба во Раде Јовчевски. Во 1940 г. тој станал професионален политички работник. Интересот на властите за Раде уште повеќе се зголемил и бил квалификуван како „опасен комунист", „човек против кралот" и се барало истиот да биде затворен. Кога бил приведен од началникот на полицијата, Раде Јовчевски бил подолго време мачен, со цел да се извлече од него некоја информација. Сепак, Раде бил одлучен и верен на својата партија и не предал никакви информации. Тој бил притворен уште најмалку двапати после тоа мачење. Низ Белград и Скопје делел пропагандни материјали за партијата, организирал и помогнал при организирање на партиски настани, а неколкупати имал средби и со Јосип Броз-Тито. По налог на партијата, бил испратен во Скопска Црна Гора за да помогне при формирањето на еден партизански одред. Многу набрзо по формирањето на одредот, истиот бил откриен од властите и неговата работа намалена. Поради безбедносни причини заминал за Софија со останатите блиски соработници, и од таму делувале врз настаните во Скопје. Паралелно бил и осуден во отсуство со казна смрт.
Во Скопска Црна Гора се враќа под името „Јанко" и така учествувал во формирањето на нов партизански одред., каде што бил заменик-политички комесар. За тие цели, со останатите содејци пренесувале оружје преку Радуша до Скопска Црна Гора. Полицијата разбрала за некојси „Јанко" и објавила потерница и награда за неговата глава. Раде Јовчевски бил предаден од страна на некојси селанец во Побожје. Тој се спасил така што фрлил бомба кон едната група полицајци. Наградата за главата на Корчагин била 150.000 лева. Одредот кој бил формиран во Скопска Црна Гора тргнал за Косово и Јужна Србија да се спои со Косовскиот одред. Патувал со неговиот соборец и добар другар Санде Урдаревски Походот на одредот бил во јнауари 1943 г. Сепак, движењето на одредот било забележано од лица жедни за наградата за главата на Корчагин.
Во близина на Липљан, одредот бил нападнат и разбиен. Во Скопје во куќата на Ганко Петковски одредот и соборците на Раде ги прибирале последните сили за обновување на нивните дејства и акции. Вечерта на 20 февруари 1943 г., Раде, заедно со останатите активисти сакале да се префрлат во куќата на Јорда Нешевска, денес во Маџар-маало. Без нивно знаење, тие биле предадени и куќата била опколена од бугарската полиција. Полицијата почнала да ги гони активистите. Во тие бркотници Раде бил ранет од страна на бугарската полиција. Така ранет немилосрдно бил убиен од бугарската полиција со неколку куршуми и со извикот „Еве ти ја слободата и човечките правдини." За народен херој Раде Јовчевски-Корчагин бил прогласен на 8 октомври 1953 година. Во негова чест средното училиште во населбата Пролет во Скопје го носи неговото име.

Антоанела Димитриевска




# Од едриличари до воени пилоти

Низ историјата и изминатите години, секогаш, обуката и остручувањето на воените пилоти имале примарна и значајна улога во оформувањето на военото воздухопловство. Преку него се отсликувало и се цени нивото и одбранбената моќ на секоја држава во светот, па и кај нас. Од друга страна, истото тоа воено воздухопловство се градело во рамките на систем и стратегија која ја избира секоја држава самостојно или во рамките на некоја воена алијанса кон која таа земја се приклучила

Различноста кон пристапот на формирање сопствено, иманентно, воено воздухопловство во рамките на некоја армија зависи од многу фактори. Во нејзини рамки тоа може да биде со самостојно дејствување или во комбинација со систем на противвоздушна одбрана. Покрај тоа, военото воздухопловство може да биде карактеризирано со бројноста и видовите на воздухопловите со кои располага што, пак, е поврзано со големината и релјефната распространетост на соодветна државна територија. Имајќи ги предвид претходно наведените фрагментирани елементи, јасно е видливо дека во создавањето и етаблирањето на чие било воено воздухопловство, учествуваат врвни воени експерти, пилоти и стратези и од многу други сфери. Во тој корпус на анализи, значајно место заземаат и прашањата од областа на кадровската стратегија. Таа опфаќа комплекс на други насоки кои, првенствено, се однесуваат на популаризација и анимација на пошироката младина за воениот пилотски позив, а потоа следи избор и селекција на кандидати за понатамошно школување и практична обука. Скапиот процес на воздухопловно, односно пилотското школување и практичната обука на избраните кандидати, најчесто започнува со школување на ниво на средно образование, а потоа продолжува во пилотски академии.

Кандидатите кои успешно ќе ги завршат сите степени на образование, добиваат звања на воени пилоти и се приклучуваат во воздухопловните одделенија, ескадрили, полкови или слично.

Во процесот на таквото последователно воено воздухопловно и пилотско школување и оспособување во некогашната заедничка југословенска држава, во еден сегмент, беше вклучен и тогашниот Воздухопловниот сојуз на Македонија

(ВСМ). Имено, врз основа на потпишан доверлив договор помеѓу ВСМ и тогашната Команда на Военото воздухопловство, во школскиот летачки центар на аероклубот во Битола беше спроведувана основна обука за пилотирање со воздухопловни едрилици, за ученици од Воздухопловната воена гимназија од Мостар (БиХ). Оваа значајна воена задача се одвиваше во периодот од средината на шеесеттите години на минатиот век, па сè до распаѓањето на таа држава. Истата беше во траење од 30 дена, најчесто во месец јуни, а беше поделена во три содржински делови.




Првиот и најкус дел од презентираната едриличарска обука опфаќаше теоретско запознавање на кандидатите со спортскиот аеродром и регионот на Битола, потоа со карактеристиките на воздухопловната едрилица со која летаат и авионот за т.н. аерозапрега, односно со принципот на влечење на едрилицата со авион и запознавање со одговорниот наставник – инструктор за летање. Потоа следеше практичната обука за летање со двоседи едрилици при која кадетот леташе под целосна контрола на наставникот, изведувајќи ги и надградувајќи ги основните елементи на овој вид летање. Тие елементи опфаќаа: полетување со следење на авионот за време на „влечењето“ до откачување од него. Потоа следеа вежби со команди за праволиниски лет, како и благи и остри свртувања, истовремено применувајќи елементи на летање со целосна ориентација во воздух. Последниот дел од летот претставуваше правење визуелна пресметка за слетување на соодветниот аеродром. Со неа кадетот-пилот, според пропишаните правила за летање, требаше да направи проценка каде и на која височина ќе ги направи т.н. трето и четврто свртување за да се постави во правец на пистата и во финалната фаза за слетување, со употреба на воздушните сопирачки. Завршетокот на летот требаше да биде со допир на пистата во определеното поле за слетување, а потоа и соодветната употреба на сопирачката за слетното тркало.

Успешниот продолжеток на обуката го претпоставуваше и најочекуваниот дел од пилотската обука, т.н. лаширање. Тоа беше делот кога инструкторот ќе ја напушти едрилицата, а потоа пилотот на обука ќе го оствари првиот самостоен лет со воздухопловна едрилица. Потоа следеа низа летови во кои се повторуваа првичните летачки вежби, но овој пат сами или во друштво на птиците. На крајот се правеа летови со т.н. едрење, кога пилотите со својата стекната умешност и техника на пилотирање се трудеа да останат во воздух, колку што е можно подолго. Во сеќавањата на сите тие подоцнежни воени пилоти останаа сликите и првичните летачки искуства со двоседите едрилици од типот „Цирус“, а подоцна и со модерните едрилици „Бланик Л-13“, како и на авионите од типот „Курир“ и американската „Цитабрија“. Во нивните споменари ќе бидат запишани и имињата на нивните први летачки учители.

За сите овие организирани обуки, чиј центар и домаќин беше спортскиот аеродром во Битола, беа одредувани проверени македонски наставници по воздухопловно едриличарство, цивилни лица, кои им го пренесува своето летачко искуство, вештини и знаења на можните идни воени пилоти на авиони, но според точно пропишана програма. Тие исти наставници водеа и писмена евиденција за летачкиот напредок на кадетите и им пишуваа финално мислење и препорака за иден воен пилотски позив. А самиот аеродром со својата инфраструктура и организирана кујна, секоја година, беа времен дом за нив.

Тоа, некогаш, беше едно скалило во системот на селекција, едукација и практична обука за воен пилотски позив од кој произлегуваа многу пилоти – офицери. Еден дел од нив беа и довчерашни непосредни актери или раководители во новото самостојно македонско Воено воздухопловство. Сите тие чуваат сеќавања и по некоја фотографија од тие времиња.

Во насока на военото воздухопловство, денес нашата држава претставува дел од НАТО алијансата и во согласност со неа, покрај останатото, ќе го насочува и ќе го гради и системот на селекција, школување, обука и создавање на нови воени пилоти.

Ѓорги Чачкиров






# „Парк на воената историја“

„Паркот на воената историја“, полека но сигурно станува еден од поинтересните и поатрактивните музеи за посета во Република Словенија. Музејот функционира во градот Пивка во југозападниот дел на Словенија. Иако мал по големина, музејот изобилува со доста интересни содржини

Клучен белег на овој музеј е неговиот забрзан раст во последните неколку години и тој станува интересна туристичка атракција вредна за посета. Бројот на посетители бележи постојана нагорна линија, така што во 2022 година музејот го имаат посетено преку 55 000 посетители од кои поголемиот број се од други држави. Покрај бројот на посетители постојан раст бележи и бројот на експонати.

Своите почетоци музејот ги има во 2004 година кога поранешната касарна во Пивка и официјално е предадена на владеење на општината Пивка, по што следи двегодишно реновирање и во 2006 година за прв пат музејот ги отвора своите врати за посетителите, првично со еден павилјон, а подоцна во наредните години тој број постојано расте и ја достигнува денешната големина. Во месец октомври 2022 година, за време на посетата на министерката за одбрана на Република Северна Македонија, Славјанка Петровска, на Република Словенија, на музејот од страна на нашата држава му беше дониран противавионски четвороцевен топ 20 мм од типот „Flak 38“, со што и нашата држава даде свој придонес во развојот на овој музеј.

„Паркот на воената историја“ во Пивка, своите експонати ги има поделено во 6 целини. Објектот од музејот именуван како „Команда“ е првата целина. Во себе ги содржи центарот за информации за музејот, продавницата за сувенири, играчки и воена опрема, како и ресторанот наречен „Кантина“. На вториот кат од објектот се распоредени експонати кои се поврзани со историјата на Словенија во 20 век, различни топографски карти, поставка посветена на стреличарството, како и дел посветен на загубените воздухоплови од страна на сојузничките сили во текот на втората светска војна над територијата на Словенија и поддршката којашто ја дало локалното население на срушените пилоти.

„Павилјонот А“ е најновиот објект кој е изграден во „Паркот на воената историја“. Истиот е отворен за јавноста во 2015 година, а во него е поставена





постојаната поставка наречена „Патот до независноста“. Поставката започнува со една од најјаките алки на поврзување во поранешната Југославија – ЈНА. Во првиот дел се опишува животот, работата и опремата која се користела во поранешната ЈНА, додека во вториот дел доминираат средства кои се користени за време на осамостојувањето на Република Словенија. Во овој дел се изложени следните експонати: авионите „МИГ 21“, „М-84“, „БВП“, „БТР“, хеликоптерот „Газела“ со ознаки „ТО-001“ кој всушност е првиот воздухоплов кој има заминато од поранешната ЈНА. Во колекцијата се и возилата „ПТ-76“, „М-83 БОВ“, „МТЛБ“ и други. Во овој дел е изложена и подморницата „Р-913 Зета“ која е една од неколкуте кои се користени во поранешната ЈНА. Самата подморница е донација добиена од Црна Гора во 2011 година. Посетителите имаат можност при посета на музејот да влезат во внатрешноста на истата и да го видат местото за работа и живеење на посадата на подморниците. Еднаш во текот на годината  токму оваа подморница е место на собирање на сите морнари кои служеле на подморница во Словенија.  Во третиот дел од овој павилјон се изложени средства користени од страна на поранешната ЈНА, а се од различна земја на потекло. Овде се изложени експонатите: „F-86D Sabre-dog“, „F-84G Thunderjet“, советскиот „Т-72“ и југословенскиот „М-84“, советските „2С1Гвоздика“, „ЗСУ-57“, чехословачката „Прага М53“, југословенското возило „БВП М-80А“ и др. Во овој дел посетителите можат да искористат можност и да го посетат симулаторот на летање за „МИГ-21“ за кој треба дополнително  да доплатите 10€ .

Објектот именуван како „Павилјонот Б“ е уште еден сегмент од музејот во кој се изложени експонати од кои повеќето се од периодот на Втората светска војна. Доминантни се тенковите и оклопните возила кои се користени во тој период. „М3А3 Stuart“ е првото возило на кое наидувате, по него следат „М4А3Sherman“, хаубицата „М7 Priest“, „Т-34/85“, моторите „Harley Davidson“, „М8 Greyhound“ итн. Во овој павилјон сместен е и симулаторот за летање за „Supermarine Spitfire“.

„Павилјонот Ц“ е посветен на експонатите кои се поврзани со таканаречената кралица на борбеното поле - Артилеријата. Во овој павилјон се изложени: „Flak 37/88mm“, SU-100,  155mm M1 „Long Tom“, 152 мм МЛ-20, ЗиС-3 76,2 мм, М-63 128 мм „Пламен“ итн. Во склоп на овој павилјон изложени се и воздухопловите од југословенско производство како што се: „УТВА Аеро 3“, „СОКО 522“, „УТВА 66“. Во склоп на самиот парк на воената историја е и изложбата која е поставена на надворешното плато помеѓу објектите на музејот. Надворешната постојана поставка во овој музеј содржи неколку експонати кои поради својата големина се изложени надвор. Првите експонати се распоредени уште на самиот влез и тоа се тенковите: американскиот „М4А3 Sherman“, кој е поставен на платформа на самиот влез од музејот и рускиот „Т-55“, кој е поставен пред влезот на објектот „Команда“. По ова следуваат патролниот брод „Р-111“, кој во минатото бил користен од страна на словенечките полициски сили. До него е поставен хеликоптер од типот „МИ-8“. Карактеристичен и редок експонат е германската локомотива од периодот на Втората светска војна „Класа 52“. Пред влезот на „Павилјон Б“ се изложени ТЗИ на шасија од „Т-55“ и авионот „IAR -93 Vultur“ , т.е. романската верзија на југословенскиот „Соко Ј-22 - Орао“.  Уште една поставка која е атрактивна за посета и привлекува голем број на туристи во музејот е подземниот фортификациски систем изграден од страна на италијанската армија во периодот помеѓу Првата и Втората светска војна. Подземната артилериска позиција „Примож“ има подземни тунели и позиции кои може да се посетат за време на посетата на паркот на воена историја.

Работното време на „Паркот на воената историја“ варира во зависност во кој месец се посетува, така што во летниот период во месеците јули и август музејот работи секој ден од 09:00 до 18:00 часот. Во пролет и есен секој работен ден од 10:00 до 16:00 часот, додека во зимскиот период од ноември до февруари во работни денови од 10:00 до 14:00 часот. Влезот во музејот изнесува од 12 до 5,5 € во зависност од категоријата.

Златко Блажески



# Како да работите со манипулативна личност

Што значи да се работи со канцелариски манипулатор? Овој напис нуди три стратегии за справување со манипулативни личност на работното место. Како прво, треба да се биде скептичен во однос на можноста таквите личности да покажат доволно внимание за работата. Имено, манипулаторите обично не ги покажуваат своите вистински особини на почетокот на соработката. Всушност, тие честопати се претставуваат како големи работници или лица од доверба. Како второ, треба се биде подготвен да се ризикува и да се влезе во мали но јавни конфронтации. Затоа, понекогаш единствениот начин е да се соочиме со таквите личности во дадениот момент. Најдобро би било да одбиеме да чуваме тајни или да дејствуваме како толкувач на начини што го нормализираат непрофесионалното однесување. Наместо тоа, да бидеме директни и да се држеме до своите ставови. Без оглед на нашата моќ, ранг или статус, овие совети можат да помогнат секој да биде продуктивен дури и кога ќе биде принуден да работи со близок колега кој има особини на манипулативна личност. Скоро секој на своето работно место бил во ситуација да се справува со канцелариски манипулатор. За жал, повеќето вработени се двоумат јавно да зборуваат за своите проблеми. И тоа се разбира дека е поради добра причина бидејќи дури и ако го сторат тоа, типичните корпоративни одговори на ваквиот одговор се движат во рамките на да бидеме внимателни, не ти верувам многу до реална одмазда на жртвата, наместо на злосторникот. За жал, многу работни места промовираат манипулатори затоа што таквите личности навидум проектираат слика дека се ефикасни во завршувањето на работите, и покрај штетата што со текот на времето можат да ја нанесат на продуктивноста на колегите и на организацијата во која работат. Затоа, кога не постои можност хиерархијата или другите раководни структури да интервенираат, би било добро секој да разработи свој личен пристап како да се справи со вакви личности и ситуации па и да примени правна постапка.
Лиз Кислик (во оригинал:Liz Kislik) екперт за меѓучовечки и други конфликти вели дека во текот на својот ангажман од скоро 30 години на советодавна улога за оваа област наишла на безброј примери на манипулација, малтретирање и несоодветна употреба на работна моќ. Таа истакнува три вида

на одговори во случај на такви ситуации кои се докажале како ефикасни дури и во ситауции кога се соочуваме со лице од кое имаме пониска работна позиција, моќ или статус. Ако ништо друго, овие совети барем ќе помогнат да се врати чувството за контрола наместо да се страда во тишина. Затоа, пожелно е да се потрудиме ова да биде дел од индивидуалниот долгорочен план за справување со вакви ситуации.
Како прво, треба да бидеме скептични во однос на преголемото внимание кое овие личности го покажуваат кон нас. Имено, манипулаторите обично не ги покажуваат своите вистински бои на почетокот на соработката. Всушност, тие честопати се претставуваат како сојузници или лица од доверба, затоа што треба добро да не проучат и да ги откријат нашите слаби с трани и серазбира колку можат да добијат од нас. Тие се вешти во проценката кои вработени се доволно софистицирани и самоуверени за да можат да се одбранат, кои се желни да ги задоволат другите или пак кои лесно се засрамуваат.
Убаво е чувството кога некој моќен колега или претпоставен се чини заинтересиран за нас. Но, ако сме чуле застрашувачки работи за нив, сосема е разбирливо да бидеме претпазливи во нашата понатамошната соработка со нив. Ова особено е битно ако забележеме дека некој не третира како негов омилен - но ни работи зад грб со што прави да се чувствуваме непријатно, а и не притискаат да постапуваме спротивно на нашите убедувања само за да останеме на нивната добра страна.
Како второ, треба да бидеме подготвени да ризикуваме и да се впуштаме во мали но јавни конфронтации. Понекогаш, единствениот начин да се разоткријат маневрите на манипулаторот е да го/ја соочиме со нив во дадениот момент. Истото нема да биде лесно изводливо па дури и постарите колеги можат да неверуваат дека некој ги руши нормалните стандарди на однесување и фер-игра, иако се свесни за веќе направената организациска штета. Затоа, кога некој е доволно храбар да интервенира, му става на знаење на манипулаторот дека е откриено неговото/нејзиното однесување, а на другите им покажува дека е можно да се интервенира и дека другите се безбедни а бизнисот напредува.

Како трето, добро е да одбиеме да чуваме тајни или да дејствуваме како толкувач на начини што го нормализираат недоброто однесување. Наместо тоа, да бидеме директни и да се држеме до својот став. Овие измамници може да се однесуваат со нас како да сме нивен доверлив инсајдер и да не хранат со необични информации за несоодветноста и неуспесите на другите луѓе: Но ние треба да научиме да имаме своја перспектива и да бидеме дискретни за да разликуваме важни од неважни информацции/податоци. Нека не не залажува ласкањето. Секогаш да бараме детали за да не подлегнеме на нивната намера: „Не сум сигурен дека разбирам што сакаш да кажеш. Зошто ми го кажуваш ова? Што бараш од мене да направам? “

Затоа, ако нашата работна позиција е на по сениорно ниво од онаа на манипулаторот, најефективно е да веднаш направиме добар план за корективно дејство. Па и да имаме помалку моќ или влијание, овие три пристапи ќе ни помогнат да се заштитиме и да го минимизираме нивното негативно влијание врз нас и врз останатите вработени во организацијата каде работиме.

м-р Билјана Поповска
(адаптирано од Лиз Кислик за https://hbr.org/2017/11/how-to-work-with-a-manipulative-person?utm_medium=social&utm_campaign=hbr&utm_source=facebook&tpcc=orgsocial_dit&fbclid=IwAR3T6Oqlf4eBuVOldJdVjGJR6WfzAq26iiJw0Ut2MIGCUP2oH2JI1vIa0NY









# Централна воена библиотека

# Книги со најразлична содржина

Централната воена библиотека функционира во составот на Командата за обука и доктрини (КОД). Централната воена библиотека е сместена во Домот на Армијата во Скопје од неговата изградба од 1973 година е во простории наменски градени за една современа и модерна библиотека. Во составот на Централната воена библиотека и во составот на КОД функционираат и гарнизонските библиотеки во гарнизоните во Велес, Кичево, Прилеп и Петровец.

Централната воена библиотека располага со богат книжен фонд и е една од петте најголеми библиотеки во Република Северна Македонија. Општиот фонд од сите области брои околу 48 000 книги. Военостручната литература брои околу 3000 книги и военостручна литература (од бившата ЈНА) околу 35 000 книги.

Библиотеката е установа од културата и образованието и пред сè, е извор на информации од сите области на човечкото знаење. Библиотеките се наменети за вршење на библиотечна и информативна дејност и обезбедување на военостручна информативна литература. Сето тоа, со цел за поттикнување за натамошна наобразба и за ширење и популаризирање на военостручните знаења и образованието, научностратегиска военостручна истражувачка работа, како и за проширување и подигнување на општото и културното ниво на припадниците на Армијата.

Централната воена библиотека располага и со богат фонд на литература за ученици и студенти за изработка на семинарски, есеи, дипломски и други трудови од повеќе области. Исто така библиотеката е богата и со белетристика и светски бестселери за читање во слободното време,

Корисници на библиотеката се: сите вработени во МО и припадници на Армијата, како и членовите на нивните семејства. Во просториите на библиотеката има и читална за потребите на наши и надворешни корисници со употреба на сопствена или наша литература. Студентите на Воената академија, како и студенти и постдипломци од сите други факултети можат да го користат фондот на библиотеката за научноистражувачка дејност од повеќе области на општествените, природните и применети науки, уметност и спорт, книжевност, географија и историја.

Централната воена библиотека е отворена за сите, а на корисниците на услугите на библиотеката им останува да одберат што сакаат да прочитаат и користат од стручната литература, но и прочитаат нешто од најновите светски бестселери, како за своја душа.

Една ирска молитва од непознат автор вели: „Најди време за читање, читањето е основа на мудроста“

Ви предлагаме наслов, кој можеби ќе го привлече вашето внимание....

Каролина Петревска




Пронајди го лидерот во себе. Задржи го во својот живот чувството за рамнотежа и забава..

# Подготвително гаѓање со АП 7,62 мм

На 20 мај 2023 г., врз основа на Програмата за работа на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ) и Програмата за обука на членовите на Организацијата, а во согласност со Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на стрелиштето на Армијата „Осој“ во близина на село Осој, Кичево, се реализираше подготвително гаѓање со АП 7,62 мм на реден број 1. На оваа еднодневна активност во функција на усовршување на воените вештини во ракувањето со пешадиско оружје учествуваа 90 резервни офицери и подофицери од 7 ООЕ на ОРОРСМ од Западниот регион (Кичево, Охрид, Битола, Демир Хисар, Македонски Брод, Прилеп и Тетово) и од Градската организациона единица Скопје. Резервните офицери и подофицери ги поздрави и воедно успешно и безбедно реализирање на гаѓањето им посака бригадниот генерал Сашко Лафчиски, командант на 1.пешадиска бригада. Логистичката поддршка беше на 4. пешадиски баталјон со кој командува потполковник Горан Трајаноски. Раководителот на гаѓањето, поручник Кристијан Спасески и неговиот помошник-поручник Александар Мојсоски, ги запознаа учесниците на гаѓањето со мерките за безбедност и со тактичко-техничките карактеристики на АП 7,62 мм. На гаѓањето беа постигнати одлични резултати, при што од 90-тина учесници гаѓањето го реализираа 70 извршители, од кои 50 „со поминал“, а 20 со „надминал стандард“. За одличната организација на оваа обука, голем придонес даде Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Кичево како домаќини, со кој раководи резервниот капетан Зоран Никодиноски.



# Пролетен состанок на ГАМИНГЕР-иницијативата

Од 24 до 28 мај 2023 година, ОРОРСМ беше домаќин на состанокот на пролетната иницијатива ГАМИНГ1, кој се одржа во Скопје. Состанокот го отвори министерката за одбрана Славјанка Петровска, која истакна дека Министерството за одбрана ги поддржува активностите на ООРСМ  како важен дел на одбранбено-безбедносниот систем и дека сме горди што ОРОРСМ е полноправна членка на ГАМИНГЕР-иницијативата од 2017 година. На отворањето  присуствуваше и ЗНГШ генерал-мајор Азим Нуредин. На овој работен состанок на ГАМИНГЕР-иницијативата на Средноевропската организација на резервни офицери во која членуваат 11 земји, учествуваа 27 претставници од 9 членки (Италија, Швајцарија, Чешка, Словачка, Унгарија, Романија, Хрватска, Словенија и Северна Македонија). Состанок беше значаен од повеќе аспекти, затоа што, покрај темите од областа на безбедноста се дискутираше и за измените и дополнувањата по однос на Статутот на ГАМИНГЕР-иницијативата, во согласност со новите измени и дополнувања и Средноевропската организација, прераснува во Европска организација на резервни офицери. Во рамките на работната-агенда, учесниците на состанокот беа примени од министерката за одбрана и ги посетија 1. првата пешадиска бригада во Петровец и Баталјонот за специјални операции во касарната „Илинден“, каде имаа можност да ги проследат презентациите за единиците, како и да ги видат нивните спомен-соби. Во рамките на социјалната агенда учесниците имаа можност да ги посетат црквата „Свети спас“, гробот на Гоце Делчев, каде се поклонија и положија свежо цвеќе, какоа и музејот посветен на неговиот живот и дело, Музејот на македонската револуционерна борба, спомен-обележјата во центарот на градот, а се направи и излет и прошетка до врвот на планината Водно.



# Меморандум за соработка

На 24 мај 2023 г. во просториите на ОРОРСМ се потпиша Меморандум за соработка помеѓу Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ) и Организацијата на резервни офицери на Република Италија (UNUCI). Меморандумот во име на двете организации го потпишаа претседателот на ОРОСМ д-р Гоце Георгиев и Џузепе Филипо Имбалзано, поранешен претседател, член на Претседателството на UNUCI, прв претседател на ГАМИНГЕР-иницијативата и член на нејзиното претседателство. Притоа, д-р Гоце Георгиев истакна дека ова е голем ден за нас и се заблагодари на долгогодишната поддршка од италијанската организација, која со своето лобирање даде голем придонос за нашиот прием во меѓународните организации, а со тоа се интензивира и меѓусебната соработка, што се потврдува и со потпишувањето на Меморандумот. Џузепе Филипо Имбалзано, се заблагодари на убавите зборови и напомена дека потпишувањето на Меморандумот за нивната Организација претставува чест и се надева дека и во иднина ќе продолжи да се интензивира соработката. Потоа, од негова страна, на д-р Гоце Георгиев му беше врачена членска карта за почесен член на UNUCI и беа разменети државните знамиња. На чинот на потпишување на Меморандумот присуствуваше и военото аташе на



Република Италија, полковник Стефано Ангиони, кој истакна дека за него ова претставува големо задоволство, затоа што доброто пријателство и соработката помеѓу Република Италија и Република Северна Македонија го потврдуваат и организациите на резервни офицери на двете земји со потпишувањето на Меморандумот.

Тони Мицевски



# Хозе Клементе Орозко Сведок на крвавата револуција

Хозе Клементе Орозко е најкомплексниот од мексиканските муралисти, љубител на темата на човечкото страдање, но помалку реален и повеќе фасциниран од машините од Ривера. Хозе Клементе Орозко бил претежно под влијание на симболизмот. За Хозе Клементе Орозко може да се каже дека тој е и жанровски сликар и литограф. Помеѓу 1922 и 1948 година, Хозе Клементе Орозко слика мурали во Мексико Сити, Оризаба, Клермонт, Калифорнија, Њујорк Сити, Хановер, Њу Хемпшир, Гвадалахара, Халиско и Џикилпан, Мичоакан. Хозе Клементе Орозко бил екстремен политички посветен уметник кој ги промовирал политичките каузи на селаните и работниците.
Хозе Клементе Орозко е роден во

Хозе Клементе Орозко е мексикански карикатурист и сликар, кој е препознатлив по своите политички мурали кои во суштина се и основа на мексиканската мурална ренесанса заедно со муралите на Диего Ривера, Дејвид Алфаро Сикеирос и други

1883 година во Запотлан ел Гранде (сега Сиудад Гузман). Во 1890 година Хозе Клементе Орозко се преселил во Мексико Сити каде и започнува неговиот интерес за уметноста. На 21-годишна возраст Хозе Клементе







Орозко ја изгубил левата рака додека работел со барут за правење огномет. Хозе Клементе Орозко студирал уметност на Академијата во Сан Карлос во периодот од1906 до 1914 година. Во 1911 година заедно со колегата и иден муралист Дејвид Алфаро Сикеирос учествува во студентскиот штрајк којшто е предвесник на бурните времиња за Мексико кои следеле. Во тој период Хозе Клементе Орозко работи како илустратор за весниците во Мексико Сити и директно како илустратор за една од конституционалистичките војски предводени од „првиот началник“ Венустиано Каранза. Кога революционерните фракции се разделуваат во 1914 година по соборувањето на Викторијано Хуерта, Хозе Клементе Орозко ги поддржува Каранца и генералот Алваро Обрегон против Панчо Вила и Емилијано Запата. Насилството на кое е сведок длабоко влијае на неговиот живот и уметност. „Светот се распарчи околу нас“, ќе напише тој во својата автобиографија. „Конвои на војници поминаа на пат кон колење. Возовите беа кренати во воздух“.
Во 1916 година Хозе Клементе Орозко заминува за Соединетите Американски Држави. Четири години подоцна Орозко се вратил во Мексико Сити и почнал да работи како карикатурист. Во јули 1923 година, Хозе Клементе Орозко го започнал својот прв мурален проект помогнат од Васконселос, кој учествувал во револуцијата и неговите слики го рефлектирале неговиот поглед на темната суштина на војната. Заедно со Диего Ривера, се водачи на движењето на уметниците познато како мексикански мурализам.
Важна разлика што ја имаше од Диего Ривера беше неговиот помрачен поглед на Мексиканската револуција. Додека Диего Ривера има идеализиран херојски подлед за револуцијата и е еден вид на оптимистичка фигура, која ја величи славата на револуцијата, Орозко не бил толку воодушевен и бил згрозен од крвавата жртва на која бил сведок што ја земаше социјалното движење. По враќањето во Мексико, во 1934 година Орозко насликал мурал, под наслов „Катарза“, во Паласио де Белас Артес во Мексико Сити. Останувајќи во Мексико, Хозе Клементе Орозко го насликал во Гвадалахара, Халиско, муралот „Народот и неговите водачи во владината палата“, а фреските за Хосписио Кабањас (Hospicio Cabañas), се сметаат за негово ремек-дело.
Во 1940 година сликал во библиотеката „Габино Ортиз“ во Џикилпан, Мичоакан. Помеѓу 1942 и 1944 година Хозе Клементе Орозко слика за болницата де Жезус во Мексико Сити. Огромниот портрет-фреска од 1948 година Хуарез Преродeн е едно од неговите последни дела.
Во 1947 година, Хозе Клементе Орозко ја илустрирал книгата „Бисер“, од Џон Стајнбек. Додека сѐ уште живеел во Мексико Сити, Орозко починал во сон на 7 септември 1949 година. Причината за неговата смрт била срцева слабост.



м-р Трајче Чатмов



# „Империја на сонцето“
# Војната и загубата на детската невиност

Филмот „Империја на сонцето“, од 1987 година, е едно од првите филмски дела во режија на познатиот режисер Стивен Сплиберг. Филмот ја раскажува приказната за едно младо момче, Џејмс Грахам-Џими (Кристијан Бејл) , кое потекнува од богато британско семејство кое живее во предградието на Шангаја и кое подоцна станува затвореник во јапонски воен камп за време на Втората светска војна. Конфликтот помеѓу Јапонската Империја и Кина датира уште од 1937 година, за подоцна истиот да се прошири со тоа што Јапонската Империја ќе им објави војна на САД и на Велика Британија. За време на овој конфликт Џејми е разделен од своите родители и е принууден сам да се справува со војната. Тој е затворен од страна на Јапонците во воениот камп заедно со Бејзи (Џон Малкович), стар американски војник кој му дава американски прекар Џим, третирајќи го како еден од своите.
И покрај лошите услови во кампот, Џим успева добро да се справи со предизвиците на војната и дури стекнува посебна почит помеѓу останатите возрасни затвореници. Филмот завршува со тоа што Јапонците се предаваат веднаш по атомското бомбардирање на Хирошима и Нагасаки и Џим повторно се обединува со своите родители, но тој повеќе не е истото дете. Фимот е базиран на новела напишана врз основа на личното искуство на тогашниот затвореник Џ. Ј. Бајард.
Со овој филм Стивен Спилберг им задава контраудар на филмските критики кои го сведуваат неговото филмско творештво на приказни за деца кои растат во предградија и изгледаат „кул“. И покрај тоа што во овој филм ги имаме сите веќе познати елементи карактеристични за Спилберг, меѓу кои детската разиграна визија на светот врз призма на чудесното, овој филм се разликува од неговите останати филмови. Имено, наспроти другите филмови во кои детскиот оптимизам ја победува визијата на возрасните, во филмот „Империја на сонцето“ таа детска чудесност полеку исчезнува и замира. Детските фантазии на Џим еден ден да стане јапонски борбен пилот пред да биде разделен од своите родители и несвесноста за светот надвор од неговата фантазија се судираат со









воената реалност и на некој извртен начин се остваруваат, но по која цена? По цена на загубата на неговата детска фасцинација со небото, неговата разгаленост и веселост, по цена на загубата на неговата детска невиност. И покрај тоа што ја задржува до некаде таа фасцинација со авионите како објекти најблизу до небесната ширина, фасцинација која со текот на времето како што се развива филмот не е само обична детска опседнатост туку се граничи со лудило. На крајот таа фасцинација завршува и магијата на небесната ширина и фасцинантноста на јапонските борбени авиони, кои тој ги распознава речиси сите по име, паѓа во неговите очи и замира. Безгрижната детска игра со хартиени протоипови на авионите од почетокот на филмот прераснува во неразумно скокање и врискање на кровот од кампот, додека јапонските авиони го бомбардираат кампот. Наместо да се скрие како што го советува лекарот на кампот, кој е негов заштитник и пријател, тој лудачки храбро го допира крилото на еден од авионите, среќен дека е толку близу до вистински авион. Но, веднаш по допирот на авионот, конечно сфаќа дека треба да престане и треба да се сокрие од нападите.



Додека е во кампот Џими сфаќа дека не можел да се сети на своите родители, но полека сеќавањата се враќаат и тој се сеќава на мајка му како го чешла и игра брич со него во ноќните часови. Во тие мигови неговата опсесија со авионите се губи и пред филмското платно гледаме едно тажно дете на кое, пред сѐ, па дури и пред неговите соништа да биде борбен пилот, најмногу му недостасуваат неговите родители.

На крајот од филмот, кога ќе почине една од госпоѓите во кампот, тој ќе види бела светлина на небото и ќе помисли дека тоа е душата на госпоѓата која отпатувала на небото, како што му раскажувал татко му за умирањето. Трагично е кога ќе дознае дека всушност во тој момент таа светлина не е летање на душата туку е светлина предизвикана од атомското бомбардирање на Хирошима и Нагасаки. Тогаш навистина сфаќа дека во неговата душа веќе нема место за идели и дека заради војната тој прераснува од дете во возрасен човек, соочен со суровата реалност.

Филмот „Империја на сонцето“ не е направен според клишеата на Холивуд, туку на посебен начин ги урива сите правила на холивудските „блокбастери“. Овој филм е емоционално најкомплексен филм во кариерата на Стивен Спилберг и е отскочна даска за сега познатиот глумец Кристијан Бејл, добро познат по улогите во филмовите „Психо“ и „Бетмен“. Кристијан Бејл извонредно се носи со улогата на Џим и пред екраните гледаме дете-актер со извонреден талент како главен протагонист во филмот. Кристијан Бејл толкува улога на Британец кој ги идеализира Јапонците и воедно совршено пред екраните ја изведува трансформацијата од едно дете кое е разгалено и немирно, во калкулирачко, остроумно суштество кое таткички ќе се справи со новонастанатите ситуации во текот на војната и престојот во затвореничкиот камп.

Спилберг во овој филм вклучува дистинктивни визуелни епифании, со максимизирање на неговото познато чувство за прикажување на чудесното. Тој, исто така, изнесува прогресивни и софистицирани идеи во врска со класните и расните проблематики во светот. Иако филмот „Империја на сонцето“ некои филмски критичари го сметаат како негов најслаб филм, сепак, преку овој филм, следејќи го созревањето на Џејми, го осознаваме и созревањето на Стивен Спилберг како еден од најоргиналните режисери на денешницата.

Кристина Трајановска



**Режија:** Стивен Спилберг

**Улоги:** Џон Малкович, Миранда Ричардсон, Нејџел Хејверс , Кристијан Бејл

**Жанр:** биографска военоисториска драма

**Сценарио:** Том Стопард

**Продуцент:** Стивен Спилберг, Кетлин Кенеди, Френк Маршал

**Кинематографија:** Ален Девиј

**Музика:** Џон Вилијамс

**Монтажа:** Мајкл Кан

**Година:** 1987

**Јазик:** англиски, јапонски, британски, кинески, латински

**Земја:** САД

**Времетраење:** 154 минути

**Буџет:** 25 милиони долари



# Манастирот „Зрзе“ – с вонисторис

На околу 30-тина километри од Прилеп, во соседната општината Долнени, под планината Даутица, се наоѓа манастирот „Зрзе“. Кога ќе тргнете да одите во регионот на општината, кон с. „Зрзе“, а потоа и кон манастирот, вие веќе сте намерен патник, кој бара да здивне од градската врева и да се препушти на мирот и тишината. И веќе сте сведок на историското и вонисториското време. Откако ќе стигнете до селото Зрзе, и продолжувате по асфалтниот пат кон манастирот, прво што ќе ве пресретне и ќе ви остави впечаток тоа е бигорната карпа на која е изграден манастирот. Го паркирате возилото на паркингот и полека, без брзање, продолжувате да се искачувате, за да стигнете пред портите на манастирот, големо духовно и културно наследство.

Застанувате тука, погледнувате лево и пред вас е распослан пејзаж кој ве остава без здив. Влегувате внатре, ве дочекува убаво уреден двор, црвата „Св. Преображение“, конаците. Постојано има некој од монасите кои ќе можат да ви ја раскажат историјата на просторот и манастирот. Ќе дознаете дека тука од 9 век карпата ја населувале монаси во ќелиите, кои се истражени и говорат за историјата на ова духовно светилиште, дека манастирот се тихува, се моли... дека тука има седум ката со повеќе од 30 градителски облици - црква, тихувалишта, ќелии, работилници, јами.

Црквата „Св. Преображение“ изградена од монахот Герман, плени со својата раскошна живописаност забележана од монахот Харитон (син на Герман), па потоа продлжена од еромонахот Макарие, зографско творештво од периодот на Волкашин и Крале Марко. Ќе се запознаете со уникатната икона на Богородица Пелагонитиса на Макариј. Оригиналот е во Музејот на Македонија, а тука е копијата, која зрачи со смела и непотворлива интерпретација на најавтентичната македонска икона. Ќе ја дознаете приказната за неа и за другите икони и фрески... за историјата на битисувањето на манастирот, кој е седиште на епископот Климент Хераклејски.

Уживајте во природата, наполнете ја душата со убавина, почувствувајте го мирот и тишината, а кога ќе тргнете да се враќате назад, скршнете по кусата камена патека и погледнете ги остатоците од ранохристијанската базилика. Тука ќе ги видите гробовите на некогашните зрзески монаси, кои спокојно ја тихуваат и ја чуваат приказната за ова свето место.

Каролина Мицевска



# сведок на историското и кото време













